РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXIX, БР. 159 (4/2025)

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer



ISSN 1409-6005

ДПМ: ДОДЕЛЕНА НАГРАДАТА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ ЗА НАЈДОБРА НЕОБЈАВЕНА ПОЕТСКА КНИГА

МИТСКИОТ МОДЕЛ НА МИСЛЕЊЕ, СИМБОЛИЗАМ, ТРАНСФОРМАЦИЈА

ОД ПОЕТСКАТА ОСТАВНИНА НА МИХАИЛ РЕНЏОВ

КОН НЕКОИ ПРАШАЊА ЗА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ИСТОРИЈА

ДЕСЕТ СТАВОВИ ВО ВРСКА СО КНИЖЕВНИТЕ НАГРАДИ















Паркот на поетите во Антиб, Франција

© Thierry Henry Barcola De Burgos

СОДРЖИНА

03. **Кон некои прашања за историјата на македонската книжевност**
Славчо Ковилоски
06. **Награда „Даница Ручигај“ / Иван Штрпка – почесен член на ДПМ**
07. **Песни**
Александра Јуруковска
09. **Став**
Живко Грозданоски
12. **Нов член на ДПМ**
Искра Донева
12. **Песна**
Томе Велков
13. **Поезија**
Гордана Михаилова Бошнакоска
15. **Песни за деца**
Стево Симски
16. **Студија**
Јасмина Мојсиева Гушева
18. **Поезија**
Зоран Анчевски
20. **Осврт**
Марина Мијаковска
21. **Проза**
Марија Воденска
23. **Проза**
Трајче Кацаров
25. **Поезија**
Милчо Мисоски
26. **Нов член на ДПМ**
Митко Гогов
27. **Осврт**
Димитар Пандев
29. **Проза**
Драгана Лукан Николоски
31. **Од поетската оставина на Михаил Рењов**
32. **Навраќање**
Милан Ѓурчинов
33. **Поезија**
Миле Јованоски Поречанец
34. **Проза**
Александар Прокопиев
36. **Проза**
Лидија Дочовска
37. **Песни**
Ленче Милошевска
38. **Проза**
Сеида Бегановиќ
40. **Поезија**
Лидија Давидовска

Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

КОН НЕКОИ ПРАШАЊА ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ

821.163.3(091)



Авторите на обидите да пишуваат и да напишат какви било „истории“ отсекогаш се соочувале со ризици за насоките и периодизациите на периодот што го обработуваат, како и за прашањето кои личности и дела треба да бидат опфатени. Одредувањето на припадноста на еден автор кон една или друга литература бара внимателна методолошка постапка за да може да се одреди неговото место во одредена културна средина. Така, преднационалните идентитети на Балканот и во Македонија треба да се сфатат според тогашните разбирања и да се разграничи дека тогашниот идентитет со денешниот се разликува, како според именувањето, така и според поширокатa припадност кон еден народ или идеја. Потребата да се сфати културниот и творечкиот контекст на времето го отвора прашањето за јазикот со кој се користеле македонските автори.

Тоа нè доведува до една од спецификите на нашиот интерес, а кој треба да го истакнеме: подоцнежната појава на македонската држава и литературен јазик, која за разлика од соседите, својата државност и кодифицирањето на македонскиот јазик ги стекна дури во 1944/45 година. Во таа смисла, значење добива дводомноста или дводомните автори, што создавале на различни јазици, а потоа и нивната интеграција во рамките на македонската книжевност. Исто така, познавањето на средновековната и дамаскинарската книжевност ни овозможува подлабоко запознавање со појавите и процесите кои најпрво ќе доведат до појава на дела со просветителски карактер, а потоа и на уметничка литература.

Периодизацијата, развојот на писменоста преку ќелијните и световните училишта, книжевната рецепција, псевдонимите и анонимноста на творците, поетиката и естетиката, одбирот на авторите и нивните дела, како и жанровската припадност се само дел од проблематиките со кои се соочува секој книжевен историчар што ја проучува македонската книжевност. Тоа се прашања на кои треба да се даде одговор во рамките на зададената цел: внимателен баланс меѓу потребите и можностите.

Споредувајќи ги искуствата со книжевностите што влијаеле или имале некаков однос со нашата, покажува колку всушност на македонската наука и на поширокатa читателска јавност ѝ е потребен еден труд со кој ќе може да се запознаеме со почетоците и развојот, со авторите, делата и жанровите во македонскиот XIX век. Вакви истории во српската книжевност веќе се објавени уште пред стотина и повеќе години, најпрво од страна на Стојан Новаковиќ во 1885 година, потоа од Јован Скерлиќ, и понатаму од Милорад Павиќ, Предраг Палавестра, Миодраг Поповиќ, Димитрија Богдановиќ, Милан Кашанин, Љубиша Стојановиќ, Јован Грчиќ, Радмила Маринковиќ со соработниците, но и Иларион Руварац, Тихомир Петровиќ, Сава Дамјанов, Миомир Милинковиќ итн.

Хрватската книжевна историја познава уште толку автори и изданија: Ватрослав Јагиќ, Фрањо Рачки, Слободан Просперов Новак, Дубравко Јелчиќ, Иво Франгеш, Бранко Водник, Давор Капетанчиќ, Маја Бошковиќ-Стули, Едуард Херцигоња,

продолжува на стр. 4 и 5.

41. **Осврт**
Драгана Евтимова
42. **Осврт**
Бранко Тошовиќ
43. **Поезија**
Миодраг Јакшиќ
44. **Хроника на ДПМ**
45. **Стрип**
46. **Стари фотографии**

Марин Франичевиќ со Фрањо Швелец и Рафо Богишиќ, Милорад Живанчевиќ, Мирослав Шицел, Миховил Комбол, Антун Барац, Стипе Ботица, Марин Франичевиќ, Милан Црнковиќ, Фрањо Бучар и др. Треба да се истакне и фактот дека во периодот меѓу двете светски војни има и неколку изданија што се однесуваат на заедничката српско-хрватска книжевност и историја, како што е онаа на Томо Једрлиниќ или прегледот на Давид Богдановиќ, Светолик Поповиќ и Владета Вуковиќ.

И словенечката книжевост има традиција во изучувањето на авторите и делата низ вековите. Почнувајќи од Антон Јанежич и Јосип Марн, Фран Левстик и Фран Левец, до Јулиј Клајнмајер, Карол Гласер, преку Иван Пријатељ, Август Жигон, Франце Кидрич и Иван Графенауер, до Виктор Смолеј, Јожа Махнич, Лино Легиша, Борис Мерхер, Марја Боршник, Антон Оцвирк, Борис Патерн, Хелга Глушич-Криспер со Матјаж Кмецл, Јоже Коруза, Франц Задравец, Јоже Погачник итн.

И бугарската книжевна историја ја испишуваа повеќемина истражувачи, во прв ред: Божин Ангелов, Бојан Пенев, Иван Радев, Иван Богданов, Марин Дринов, Светлозар Игов, Малчо Николов, Елена Ц. Цветанова, Пењо Русев, Розалија Ликова, Панко Анчев, Аделина Ангушева-Тиханова со соработниците, Елена Налбантова итн. Кон оваа група автори ќе ги вклучиме и руските книжевни историчари Александар Николаевич Пипин и Владимир Данилович Спасович со својата историја на бугарската книжевност уште од 1884 година.

Од друга страна, испишувањето на црногорската книжевна историја се случи дури во XXI век, откако претходно беа објавени само два труда на Радослав Ротковиќ и Трифун Ѓукиќ. Иницирањето на проектот за изработка на историја на црногорската книжевност од страна на Воислав П. Никчевиќ се заврши во 2012 година со објавување три тома од проектот, во кој се вклучени усната книжевност и период од средните векови до 1918 година. Како автори на трите тома црногорска книжевност се јавуваат: Новак Килибарда, Радослав Ротковиќ и Милорад Никчевиќ.

Како своевидна основа или преднацрт за проучување на македонската литература во XIX век, македонските истражувачи веќе имаат посочено повеќемина странски автори, врз чија методологија може да се гради историјата на македонската литература. Тие, меѓу другите се: Александар Флакер, Зденко Шкреб, Миливој Солар, Ирина Неупокоева, Цветан Тодоров, Драгиша Живковиќ, Јоже Топориши́ќ, Валтер Кохан и др. Нивните согледби и „инструктивни" трудови и тоа како се добродојдени во теориската разработка, уточнување и потврдување на некои ставови коишто се однесуваат и на нашата литература.

Во оваа прилика треба да го истакнеме и фактот дека системите и периодизациите на овие балкански книжевности само делумно се применливи за нашата книжевност, поради воочливите разлики во културниот и општествен развој. Релативната синхроност на регионалните литературни процеси укажува дека се работи за дел од поширокаta европска книжевност, но темпото, фазите и формите на развој се исклучиви сами за себе по територии и народи.

Како што спомнавме, македонската книжевна наука со засилено темпо започна да се развива дури по конституирањето ма македонската државност, во рамките на Југославија, по 1944 година. Оттогаш, за релативно краток период беа издадени поголем број студии и монографии што се однесуваа на македонското литературно творештво во изминатите векови. Сепак, се чини дека еден од главните недостатоци за афирмирањето и проучувањето на македонската книжевност се наоѓа во немањето или во сосема малиот број дела што се однесуваат на прикажување на нејзината појава и развој. Во таа насока, треба да се спомнат историите на средновековната македонска книжевност во авторство на Вера Стојчевска-Антиќ и на Илија Велев, на македонската книжевност во XIX век од Георги Сталев, на македонската книжевност во XX век од Миодраг Друговац и воопшто на македонската книжевност во изданието на хрватски јазик од Томе Саздов, Вера Стојчевска-Антиќ, Драги Стефанија, Георги Сталев и Борислав Павловски, како и на Љубен Андреев на македонски јазик. Тоа се македонските книжевни истории на одредени периоди или на целокупната книжевност, во најголемиот дел објавувани дури во последната деценија на XX век. Се разбира, со значајни прилози од македонската книжевност се имаат јавено повеќемина автори како: Харалампие Поленаковиќ, Блаже Конески, Гане Тодоровски, Блаже Ристовски, Васил Тоциновски, Томислав Тодоровски, Александар Спасов, Ванчо Тушевски, Валентина Миронска-Христовска и други. Нивните студии и статии придонесуваат за збогатување на книжевно-историските сознанија за авторите, делата и процесите во македонскиот XIX век и се вградуваат во задолжителната литература при истражувањето за почетоците и развојот на новата македонска книжевност. Покрај дел од погоре посочените имиња, со свои ставови за методогијата за изработка на новата и современата македонска литературна историја се имаат произнесено и: Катица Ќулавкова, Милан Ѓурчинов, Слободан Мицковиќ, Душко Наневски, Атанас Вангелов, Данило Коцевски, Луан Старова, Тодор Чаловски, Зоран Константиновиќ и др.

Поради застареност на понуденото четиво, поради воочливи недостатоци од методолошки и од аспект на застапеност на дела и автори, но и поради нови сознанија во однос на познати дела, како и нови творци, се наметнува потребата за продлабочена и посистематизирана историја на македонската книжевност. Ваквата широчина на концепциското осмислување и на содржината само по себе подразбира мултидисциплинарен истражувачки пристап. Во таа насока, читањето на македонската книжевност покрај стандардните книжевно-теоретски претпоставки, наложува вклучување и на науките како што се историјата, социологијата, лингвистиката итн. Исто така, внимание треба да се посвети и на терминологијата, бидејќи постојат очигледни отстапки во разбирањето на периодот од страна на повеќемина книжевни историчари. Додека просветителството и преродбата македонистиката веќе од поодамна го има одомаќинето во книжевната наука, терминот нова македонска книжевност што се однесува на наведениот век е од понов датум и за некои од истражувачите е неприфатлив (Георги Сталев), додека други стојат зад него и го промовираат како таков (Гане Тодоровски, Ванчо Тушевски). Кон вака поделените мислења се појавува и терминот нова македонска поезија, но дури за периодот од Кочо Рацин до најново време (Милан Ѓурчинов), што значи не за XIX век, туку за средината и за втората половина на XX век.

Исто така, дискутабилен е и терминот нова преродба што некои истражувачи го користат за годините непосредно пред и по Илинденското востание (Миодраг Друговац). Слична е и ситуацијата со поимите прв и втор пре-

родбенски период, што ја означува книжевната дејност од 30-те до 70-те години, односно последните триесетина години на XIX век (Горан Калоѓера). Различни ставови има и за квалитетите и стилската формација на новата македонска книжевност. Некои сметаат дека на тековите на новата македонска книжевност треба да се гледа како на нецелосна европска книжевност (Гане Тодоровски), некои се поумерени кон ова прашање и оценуваат дека се сработило колку што се можело (Блаже Конески), додека пак, трети, ја оценуваат како несомнено голем успех (Васил Тоциновски, Горан Калоѓера).

Едно од најважните прашања со кои се соочуваме е временската рамка, односно кога започнува и кога треба да заврши проследувањето на книжевно-историските процеси што ги именуваме како македонска книжевност во XIX век. Општо е прифатено дека проучувањето го опфаќа целиот век, почнувајќи околу или од 1800 година, поконкретно кај нас од 1804 година со појавата на Четиријазичникот на Данаил Москополец. Меѓутоа, каде завршува или каде би требало да заврши интересот на истражувачот останува под знак прашалник. Јасно е дека календарското дефинирање покрај позитивните, има и негативни страни, бидејќи кај ниеден процес не може да се стави рез и да се ограничи само на почетокот или на крајот на годината или векот. Токму поради тоа, некои стилски определби временски се поклопуваат една со друга и се мешаат меѓу себе, и додека едната полека згаснува или спласнува, другата зрее и созрева до појавата на следната итн.

Прашањето каде завршува македонскиот книжевен XIX век некои го определуваат до 1903 година (Гане Тодоровски, Драги Стефанија), некои до 1918 година (Ванчо Тушевски), а некои дури до 1919 година, ако се земе како посебно потпоглавје од новата македонска литература (Блаже Ристовски). Нашето мислење е дека во културолошка, цивилизациска и општествено-политичка смисла оваа определба може и треба да се помести до Балканските војни, односно до 1912 година. Имено, токму во оваа година завршува повеќевековната османска власт во Македонија, време во кое македонските творци можеле да создаваат, да се движат и да комуницираат меѓу себе без граници. Тие се дел од едно цело, од една држава, поточно од една мултикултурна империја, од еден цивилизациски развој. Со поделбата на Македонија комуникацијата на ваков начин станала невозможна и тие продолжувале да живеат и да создаваат во други културни сфери, различни по јазик, црковна припадност и општествено-политички амбиент. Токму затоа, преминот од еден целовит макроорганизам како што била Османската Империја во неколку разделени микроорганизми како што биле Србија, Бугарија и Грција, го означуваме и како крај на една епоха и почеток на нова.

Проблемот и поимањето на периодизацијата на македонската книжевност во XIX и во XX век останува отворен. Се разбира, различните ставови по однос на ова прашање не се дијаметрално спротивни, туку се разликуваат само по неколку категории, или само по една, но со самото тоа што се дискутира за нив, значи дека книжевните историчари имаат различни мислења. На пример, неоспорно се прифатени категориите просветителство и романтизам, додека пак, едни или други истражувачи ги додаваат или одбегнуваат да ги користат категориите народен реализам, од фолклорот кон книжевноста, па дури и револуционерната книжевност. Од друга страна, мнозинството се согласува со постоењето на некакво класицистичко влијание врз и во делата на некои книжевници, па тоа го именуваат како неокласицизам или постклацизам. И ваквото расудување може да се стави под прашалник, бидејќи т.н. неокласицизам и постклацизам може да се смета само како производ на грчката пропаганда во усниот и во писмениот јазик кај Македонците, наметнато влијание што е надминато со исклучувањето на грчкиот јазик од богослужбите и училиштата во втората половина на векот.

Прашањето за континуитетот или дисконтинуитетот на македонската книжевност, исто така е едно од позначајните со кои книжевниот историчар и читателот се сретнуваат ширум страниците на, се чини, непрегледното море студии и монографии посветени на појавите и на процесите што се одвивале на македонската културна сцена. Потрагата по континуитетот може да се толкува како потрага по кодот на македонскиот книжевно-историски тек. Толкувајќи ги овие појави, некои автори за одредени делови од нашата литература пишуваат како за „пасива" или „празен простор" (Георги Старделов, Евтим Клетников). Некои, пак, посочуваат дека подобро е да се зборува за атипичен одошто за дисконтинуиран развиток (Катица Ќулавкова). Во секој случај, кон познатиот книжевен фонд не треба да се изземат, односно треба да се додадат усната и преводната книжевност и пошироката писмена продукција, бидејќи и тие потекнуваат од книжевно-естетскиот код на македонскиот творец.

Сите погоре изнесени ставови во врска со терминолошкото одредување и именување на појавите и процесите имаат некаква основа поради која нивните застапници го засновале своето мислење. Ваквата состојба само дополнително ги потенцира прашањата со кои се соочува книжевниот историчар. Затоа, во една прилика говорејќи за најсигурните мерки за одредбата на новото, Димитар Митрев ги определува квалитетноста и историчноста. Тоа значи дека тој треба да изврши своја соодветна реконструкција на историските процеси и да изнесе соодветни заклучоци од сопствена перспектива. Токму затоа, во оваа прилика ни се чини и соодветно да ги изнесеме и зборовите на Миодраг Друговац дека „историчарот на македонската книжевност во тоа е без соодветен модел: самиот тој е создавач на модел и негов најправоверен исполнител", што би значело дека секој книжевен историчар има право, но и должност да ја толкува македонската книжевна историја на сопствен начин.

Треба да се има предвид дека во текот на вековите македонската книжевност се развивала паралелно со другите светски книжевности. Развивајќи се паралелно со „златниот век на руската поезија", со викторијанската епоха, со германскиот буржуаски реализам, со францускиот реализам, иако не целосно и системски во неа продираат влијанијата и елементите на романтизмот и реализмот. Појавата на симболизмот и почетоците на модерната можеме да ги проследиме дури подоцна, откако се создала критична маса на читатели, кои патем можеле и да произведуваат нови видови литература, за разлика од востановениот романтизам и реализам. За вклучување во модерните текови на светската книжевност, објективно не постоеле услови поради веќе наведените услови за живот и работа. Сепак и тоа не било пречка за испишување бројни страници поетски и прозни дела.



УДК 655.26(047.53)

ВРАЧЕНА НАГРАДАТА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ ЗА 2025 Г.

Наградата „Даница Ручигај“ го слави споменот на една од првите модерни македонски поетеси, која трагично загина во Скопскиот земјотрес во 1963 година. ДПМ го востанови ова признание во 2015 година и досега се доделуваше на објавена поетска збирка напишана од авторка. Пред две години наградата беше отворена за сите поетски книги од членовите на ДПМ, а од оваа година, во согласност со одлуката на Управниот одбор, се доделува за најдобар необјавен поетски ракопис. Возобновувањето на концептот на наградата доаѓа на десетгодишнината од нејзиното востановување. Наградата се состои од плакета и објава на наградениот ракпис, а врачувањето е закажано за 24 септември во просториите на Друштвото на писателите на Македонија.

Добитник на наградата „Даница Ручигај“ за најдобра необјавена поетска книга е збирката песни со наслов „Ткажалки“, чиј автор е Александра Јуруковска.

На конкурсот, кој за членовите на ДПМ беше отворен од 18 јули до 18 август, пристигнаа вкупно 10 ракописи од седум поетеси и тројца поети. За изборот на победничкиот ракопис одлучуваше тричлена жири-комисија во состав: Лулзим Хазири (претседател), Весна Ацевска и Сузана Мицева (членки). Во образложението за наградениот ракопис, меѓу другото, се вели:

„Поетскиот јазик на Јуруковска во триесетината песни на 'Ткажалки' е сплетен претежно од зборови карактеристични за нашата современост, но и со зборови што произлегуваат од нашата јазична традиција, обојувајќи ги стиховите со своевидна патина. На тој начин авторката внесува лична нота во современата македонска поезија. Од народното говорно јадро извлекува и постари, но и дијалектни зборови умешно вклопувајќи ги во песните, на тој начин оживувајќи ја и збогатувајќи ја лексиката. 'Ткажалки' е книга што нуди катарза, но и потсетување: дека зборот е единствената трага што може да ја победи минливоста. Со овој ракопис, Александра Јуруковска се потврдува како поет со силен израз, јасен став и бескомпромисна искреност. 'Ткажалки' не е само збирка поезија – тоа е поетски споменик на личното и колективното страдање, но и сведоштво за силата на јазикот да ги сочува тагата, љубовта и достоинството“, стои во образложението на жири-комисијата за поетска награда „Даница Ручигај“ за 2025 година.



ЛАУРЕАТОТ НА СВП ИВАН ШТРПКА – ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДПМ

„Од самите почетоци, за нас многу важно беше да бидеме автентични (genuine) – автентични и во книжевничката активност, и во книжевното творештво. Во времињата на пропагандистичко пишување и на идеолошки седименти во културата, ние сакавме да се издвоиме со развивање наш, автентичен внатрешен глас и пишување затемелено врз автентично разбирање [на авторството], очистено од какви било идеолошки или други седименти“, изјави словачкиот поет Иван Штрпка, овогодишен лауреат на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, еден од тројцата членови на неформалната поетска група „Осамените трчачи“, формирана во Словачка во шеесеттите години од минатиот век.

Традиционално, на лауреатот на Струшките вечери на поезијата му беше доделена плакета со почесно членство во Друштвото на писателите на Македонија. Врачувањето на почесното членство во ДПМ се одржа на 24.8.2025 г., пред поетското читање во дворот на манастирот „Св. Наум“ крај Охридското Езеро.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Александра Јуруковска

Од ПОЕТСКИ РАКОПИС „ТКАЖАЛКИ“, добитник на наградата „Даница Ручигај“ за 2025 г. за најдобра необјавена книга

Есап

на тато ми

Додека чекаме
Бог
да го отпише од едната
и да го запише
во другата Книга,
татко прави расчекор.
Легнат,
неподвижен, а расчекорен
од овде – до таму,
од овој – до оној свет.
Се исправа,
ја остри сабјата со жегливи зборови,
ја подигнува и дофрла,
дошепнува:
ѓаволштини,
будалаштини,
подбишеги
за себе,
за нас,
за себе!

Мајка е бајрактарот,
таа ги позема гласовите
се засмева:
час е неговата
шестнаесетгодишна девојка,
час лута жена,
та загрижена мајка,
час инаетлива
како сите заеднички
подеми и падови.
Час е првиот бакнеж,
час е последниот стисок на дланката,
час е тажна насмевка
како последно збогум,
како заминување.

Куќата се накрева,
гргори,
шуми,
Домот клокоти и врие.
Сестра ми ме поттурнува,
стоиме молчешкум.
ѕидот се распукува, бездна зинува.
Тука, на претсмртната постела,
пред нас се отвора
нивниот заеднички половина век.
Стоиме молчешкум,
ние – родители на нашите родители.
Татко се сепнува,
се буди од сон,
се враќа
од кај што никој не се вратил.
Гледа во нас,
а околу нас ги гледа
оние што одамна ги испративме,
и оние што никогаш не ги запознавме.
Ги гледа сите,
нѐ гледа сите
и со магла го исцртува
невидливиот родослов.
Повторно се извива,
се исправа,
строен
гласен
грлат
реди
вика
се смее –
ербап е.
Кажува до два збора
и три мајтапа,
колку да остане,
уште малку да остане.
Одеднаш стивнува.
Каде одиш? – шепнувам
Каде одиш? – викнувам
Каде одиш?! – крикнуваме трите.
Тој ја нарамува трската и замижува.
Заминува!
Куќата онемува, домот исчезнува,
а Бог го затвора есапот
на неисплаканите солзи.

Шубе

Шубајлија!
Од шубе – пошубе.
Во уплав,
со ококорени очи
и дланки што се листаат.

Уплави, уроци
Да-не-дај боже
нешто лошо се случи!

Среќата е порок
во овој дом на уривање.
Не чини!
Скраја-да-е!
Не вели: Добро е!

Шубе ти оставам
во аманет, во мираз
С'клет нерастаен,
чеиз спакуван!

Прокуда на музата

О Мнемосима,
есента мириса на пролет,
на врел трепет,
на изгаснат шепот.
Мириса на лисја
паднати од мене.

Бреза сум, жена сум
Мнемосима.
Со кора, со кожа
што се свива од заборав,
се тегне од грижи
и несмасни насмевки.

О Мнемосима,
читам за бели коридори
на темната тага
и безлична маса
притиска врз сеќавањето.

О Мнемосима,
ѕирнувам низ клучалката –
доаѓа зима.
Ѕемнам –
не е иста ко претходната!
Гранките ми се свиваат,
дланките се поткршуваат,
уморно се потпирам на сон
на Сонце и сончевина,
како на потпорница.

Во свилениот предел на душата
Ти пеам молитва:
О Мнемосима,
подај уште малку сина
од она лето,
Мнемосина!

Големата Мајка се буди

Таа се буди
и уште непросевната
ја отфрла Куќата од себе –
ја тресе ко сукмане наросено со брашно,
ја тресе ко ќилим извалкан од пепел.
Таа, уште непросевната,
Се провикнува:
Еееј!
Пред неа застануваат
ќерќите, снаите,
внуките, сестрите.
Таа молчи
и со рака им покажува
каде им е местото!

Еееј!
До неа со бавен чекор
стигнуваат мажот,
синовите, внуците,
зетовците, нивните побратими,
некрстени пајташи.
Таа трепнува,
тие – клекнуваат.

Еееј!
До неа стигнуваме ние
незнајни отроци, остатоци.
Нѐ ишнува настрана
ги извива рацете на половина
и со тивок ромор нѐ скаменува:
Деф да се сторите!
Ниедна целина не исцеливте!

Небесен амбис

С'клетот ноќева долго,
додека не се престори
во корен за стогодишни чинари.
Неисплаканите солзи
векуваат во бунарот што го носиш на раме.
Скини-врзи верата
виси на скалила
вивнати проугоре
кон небесниот амбис.

Ветер во џебови

Продупчени грмушки,
прашини што корнат
дел од душата
дел од нашето едно.
Истркалани јадови
рушат мост граден
со децении
љубов
страст
почит
бол
Бог.



Став

06.05:82]:061.2(497.7)

ДЕСЕТ СТАВОВИ ВО ВРСКА СО КНИЖЕВНИТЕ НАГРАДИ

Живко Грозданоски

1. Инклузивноста е категоричен императив

Секој автор мора да има еднаква можност да учествува на секој од книжевните конкурси (секако, тука зборуваме за конкурсите што не се однапред ограничувачки: за членови, за млад автор, за дебитански ракопис, или слично). Секој автор мора да има еднаква можност да учествува на секој од конкурсите, независно од тоа дали е член на некое од телата во институцијата што го распишува конкурсот: никому не смее да му биде ускратена можноста да биде учесник. Одличен пример за совршена инклузивност е НИН-овата награда за најдобар роман во Србија: ако некој од членовите на жири-комисијата објави роман, и тој може да учествува на конкурсот за таа година: тој просто излегува од жири-комисијата, а на негово место доаѓа друг член. На конкурсот за годишните награди на ДПМ, во согласност со актуелниот Правилник, можат да се пријават најмногу тројца од вкупно седумминатa членови на Управниот одбор на ДПМ (со цел да може Одборот да заседава, односно да бира членови на жири-комисиите). Ова не подразбира *целосна* инклузивност, што значи дека постои можност Правилникот да се доусоврши.

2. Постоењето на Правилник и Деловник за наградите е категоричен императив

За секоја награда што ја доделува која било институција, апсолутно е неопходно да постои пишан Правилник за организација на конкурсот, критериумите на учество итн. Правилникот е гаранција дека секој автор што твори одреден вид книжевност има право да учествува на одреден конкурс, т.е. дека никој нема да биде исклучен – или неинформиран. Единствено работењето според Правилник им влева доверба на можните учесници на конкурсот (и на самите можни членови на жири-комисијата) и ги охрабрува да учествуваат во праведна трка за награда. Доколку самиот Правилкин не го регулира тоа, покрај Правилникот, важно е да постои и пишан Деловник, кој до детаљ ќе го регулира изборот на членовите на жири-комисијата, како и начинот на кој ќе работи таа жири-комисија што одлучува за доделувањето на книжевната награда. И Правилникот и Деловникот треба да се јавно достапни, односно да се предмет на јавна дебата, односно размена во која ќе се соочуваат спротивставени мислења. За едно зрело општество важно е заеднички да учествува во изготвувањето на единствена конечна нормативa, која ќе остане да се почитува од сите: наместо секое ново раководство да се занимава со разградување и ново градење.

3. Анонимноста на членовите на жири-комисијата е крајно важна

Кога се зборува за анонимност, некои сметаат дека таа не е важна: доволно е членовите на жири-комисијата да имаат знаење и интегритет, т.е. да знаат да препознаат вредно дело и да се залагаат тоа дело да добие награда. Тоа е точно, но реалноста е дека по дефиниција голем дел од луѓето се склони да го релативизираат интегритетот, т.е. да претпочитаат *поврзување* (со други членови на жири-комисијата или со автори во трка за награда), жртвувајќи ја со тоа *автентичноста* (односно искрената поддршка на дело што реално се истакнува со своите естетски одлики). Во услови во кои ние луѓето по дефиниција имаме „лизгав“ интегритет, клучно е членовите на жири-комисиите да бидат со Правилник обврзани да одлучуваат независно, т.е. да носат одлука без да бидат влијаени од други. Доколку членовите на жирито се обврзат на анонимност и ја почитуваат анонимноста, а потоа носат автентична одлука, со интегритет, тие конструктивно помагаат во конкурсот. Оние автори (членови на жири-комисија или автори во конкуренција) што сметаат дека можат да ја изиграат, да ја надмудрат анонимноста (автентичноста), со тоа што ќе се решат за некаков „таен“ (кој потоа никогаш не е таен) договор со некој член на жири-комисија или со учесник на конкурсот, всушност најчесто излегуваат незадоволни. Тие нискосвесни автори/членови на жири-комисија го претставуваат токсичното во книжевната средина, и пред нив стои предизвикот да ја прифатат неопходната *непредвидливост* во фер-конкурост. Обидите за договарање и за „местење“ на награда значи признавање (на друг и на самиот себе) на сопствената некадарност

и недаровитост, тоа значи атрофирање на духот и негирање на сопствениот развој.

4. Важно е повеќемина да учествуваат во составувањето на жири-комисијата

Правилникот за избор на членовите на жири-комисиите за доделување на годишните награди на ДПМ е успешно изработен затоа што гарантира анонимност, демократичност, рамноправност и непристрасност во изборот на членовите на жири-комисиите. Прво, секој од членовите на УО анонимно предлага по тројца членови за секоја од жири-комисиите. Потоа сите дадени предлози од УО се сумираат и се изготвуваат пет списоци со предлозите за секоја од наградите. Потоа се прегледуваат петте единствени списоци со можни кандидати за жири-комисии за наградите и се ревидираат: од списокот се отстрануваат предлозите за членови на жири-комисии што би можеле да бидат директно пристрасни кон одреден автор во конкуренција за награда (поради роднински врски или директна соработка). Следно, секој од членовите на УО одново бира (бодува) можни членови за секоја од жири-комисиите. На крај, бодовниците од седумте членови на УО се сумираат и се доаѓа до петте списоци со можни членови на секоја од петте жири-комисии. Авторите се контактираат, а доколку некој не прифаќа да биде член на жири-комисија, се преминува на следниот на списокот. Резиме: тука клучни се *рамноправноста* и *анонимноста*: од една страна секој член од УО има *подеднаков* придонес за конституирањето на жири-комисијата, а од друга страна, *никој не може да претпостави* (ниту претседателот, ниту некој од членовите на УО) кои ќе бидат финалните состави на жири-комисиите. Секако, и во овој случај, како и во сите вакви случаи, постои теоретска можност двајца или тројца членови на од групата (во случајот УО) да се договорат за да предложат/изберат одредени автори, и така да се конституира наместена жири-комисија. Што значи, на крај одлучува интегритетот на секој од членовите на групата што ги бира жири-комисиите. Веќе беше забележано тоа дека прибегнувањето кон местење жири-комисија/награда значи признавање (на друг и на самиот себе) на сопствената некадарност, атрофирање на духот и негирање на сопствениот развој.

5. Членовите на жири-комисијата добро е да бидат од различни генерации

Со цел членовите на жири-комисијата за доделување книжевна награда да имаат предвид што поголем број автори, пректики и поетики при изборот на добитничките дела, важно е (особено во последната фаза од изборот, кога обично се поведува дискусија околу евентуалното победничко дело на конкурсот), членовите на жири-комисијата да бидат од различни генерации.

6. Неприфаќањето да се биде член на жири-комисија најчесто значи загуба

Кога постои регулатива (Правилник и/или Деловник) што до детаљ го уредува начинот на кој се бира награденото дело, неприфаќањето да се биде член на жири-комисијата (секако, од страна на автори што имаат и знаење и интегритет) се покажува како особено штетно за исходот на конурсот. Во изминативе шеснаесет месеци, во неколку наврати се случи автори што се одликуваат со знаење и со личен интегритет да одбијат да бидат членови на жири-комисија. Тоа значеше дека во некои случаи како членови на жири-комисии мораше да бидат ангажирани автори што имаат различни визии за она што значи добра книжевност. На пример, на еден од конкурсите пристигна извонредна квир творба, но неколку членови на ДПМ со прогресивни/феминистички светогледи одбија да бидат членови на жири-комисијата. Така беше испуштена можноста културната средина да биде побогата за една впечатлива, ислучително важна вест од Друштвото на писателите. Кај тричлените жири-комисии, секако постои ризик двајца од членовите на жири-комисијата да се поврзат и да изберат како победник дело со скромни квалитети – но тој ризик секогаш ќе постои. Клучно е да се има верба во процесот, особено ако (затоа што мора да) постои Правилник за работа.

7. Факторот Непредвидливост им ја дава смислата на натпреварувањата

Влада Урошевиќ го смета „правото на игра" за еден од трите основни принципи на кои се темели творечкиот чин. Што ја прави привлечна играта, која било игра? Она што ја прави играта возбудлива и ѝ дава смисла е *непредвидливоста*. Кога би знаеле кој ќе биде победник на некој натпревар, веројатно не би го ни гледале тој натпревар. Оттаму, треба да се зборува одново и одново, иако тоа се подразбира: мора да се негува *непредвидливоста* кај книжевните конкурси, затоа што тоа е темелот врз кој тие стојат. Непредвидливоста како концепт е најтесно поврзана со *вербата* во процесот и со *препуштањето*. Звучи наивно, секако, но важно е што почесто да се потсетуваме на тоа дека секој обид да се надмудри и да се изигра *непредвидливоста*, секој обид да се насочи процесот кон конкретен исход значи триумф на егото, и уште еднаш, тоа значи признавање (на самиот себе и на другите) на сопствената некадарност и недаровитост, тоа значи атрофирање на духот и на растењето.

8. Објавувањето список на пријавени дела на распишаниот конкурс е особено важно

Особено важно е организаторот на книжевната награда да го објавува списокот со делата што се во конкуренција за наградата. Сите релевантни книжевни конкурси објавуваат список со делата што се во конкуренција. Ова е неизоставно од повеќе причини. Пред сè, заради транспарентно работење пред јавноста, важно е да биде јавно познато кои сè дела влегуваат во конкуренција за наградата. Понатаму, заради рецепцијата на самите објавени дела: објавеното учество на книжевниот конкурс им дава видливост на делата, привлекува можни читатели. Во услови во кои книжевната критика речиси да не постои, книжевните конкурси и списоците со пријавени дела и тоа како придонесуваат за позиционирањето на книжевните творби на мапата на книжевноста. Најпосле, објавата на список со прија-


вени дела на одреден книжевен конкурс поттикнува ретки дискусии помеѓу книжевниците за особеностите на делата, компаративни анализи, итн. Објавувањето список со пријавените дела на конкурстот просто значи грижа за книжевноста, за авторите – и грижа за читателите. Грижа за целата книжевна средина. И кај конкурсите за најдобар ракопис се објавува список со пријавени дела. Веќе дваесет години, еден пример за тоа се „Новите" на „Темплум", а од оваа година и наградата „Даница Ручигај" за најдобра необјавена збирка песни во ДПМ. Објавувањето на списоците со конкурентите-ракописи е можеби уште поважно од објавувањето на ракописите за објавени дела, затоа што со тоа авторите се поттикнуваат да стапат во контакт со првите „официјални" читатели на ракописите – и со тоа да ги добијат и првите (толку важни!) уреднички забелешки. Еден исклучително позитивен пример за транспарентно објавување список со пријавени дела на конкурсот е НИН-овата награда. Таму транспарентноста е подигната едно ниво: од НИН го објавуваат списокот со пријавени дела за наградата, но го објавуваат и *редоследот* на достава на ракописите во редакцијата на НИН: првите доставени дела одат најгоре на списокот со пријавени, последните пријавени романи одат на крајот. Во нашата книжевност, еден особен пример, кога станува збор за ова прашање, се Струшките вечери на поезијата. Во последните години, СВП не објавуваат список на дела што конкурираат за наградата „Браќа Миладиновци". Но, нештата не биле отсекогаш такви: порано на веб-страницата на СВП бил објавуван список со пријавени дела, и со тоа јавноста имала увид во најголем дел од годишната поетска продукција во земјата. Поради нивното менување, во 2025 Стручките вечери беа организирани и изведени од две различни раководства, што значи не било лесно да се внимава на секој аспект од организацијата. Со оглед на тоа што објавувањето на списокот на учесници е важно за делата, за авторите и за јавноста, верувам дека за следното издание на СВП раководството ќе го посвети должното внимание и на ова прашање и ќе објави списокот на учесници на конкурсот. Во согласност со Правилникот за наградата „Браќа Миладиновци", би можел да биде објавен список со сите пријавени дела, или во најмала рака да се објави „долг список" (longlist), односно наслови на дела што учествуваат затоа што исполнуваат некои минимум критериуми за учество, определени од раководството на СВП.

9. Остварувањето „соработка помеѓу книжевните манифестации" (не) се решава со трибина

Уште на самиот почеток од работењето на новото раководство, еден член на ДПМ предложи Друштвото да организира трибина на тема „Подобрување на соработката помеѓу книжевните манифестации во земјата". Размислувам често на оваа идеја. Сметам дека не е неопходно да има „соработка помеѓу манифестациите": најважно е да постои соработка помеѓу сите *автори*, односно сите манифестации да бидат отворени за сите автори. Сега често се има впечаток дека различните книжевни манифестации во земјата се однесуваат како мали и закрепостени „градови-држави": секоја со свој „владетел" што одлучува за „подобни" учесници, „подобни" членови на жири-комисии, и оттаму: подобни добитници на награди. Но, дали навистина ни е потребна трибина за раководителите на различните манифестации *да се обврзат* да изготват *инклузивни* Правилници што ќе им овозможуваат на повеќе и различни автори да бидат предлагани и бирани за учесници на настаните и за членови на жири-комисиите што ги доделуваат наградите? Секоја манифестација може и сама да покаже иницијатива за изготвување на таква нормативна: единствено така манифестацијата ќе расте, а со тоа и климата во целата книжевна и културна заедница ќе се подобрува.

10. Е. А. Хавелок и Н. Ристановски (неизбежен е премин од „усна" кон „писмена" традиција)

Ерик А. Хавелок, во неговата книга „Музата учи да пишува" разликува „усни" општества и „писмени" општества. „Усните" општества се потпираат главно на *усната традиција*, на (усно) договореното, на „зборот" (искажан, но не и запишан). Од друга страна, „писмените" општества како своја основа го имаат *запишаното*: она што е „ставено црно на бело", она што е запишано како принцип и правило. Ова е особено важна тема, затоа што нашето општество, како и во минатото, така и денес често се потпира на *усната традиција*: постои отпор кон „нормативa", кон „правилници", „обрасци", и така натаму. Се сеќавам на една ТВ-драма (ја гледав одамна, не се сеќавам ни на авторот, ни на насловот), во која Никола Ристановски имаше свој сјаен настап: неговиот лик убедливо ја изразуваше личната фрустрација од животот во земја (Македонија) во која (парафразирано) никој не сака да се води според никакви правила, секој претпочита „да лови во матно", затоа што секој смета дека може повеќе да „се снајде" од другите, секој може да се договори со некого... И на тој начин *сите* губат, на еден или друг начин. Преминот од „усно" кон „писмено" функционирање на институциите е единствениот (и во крајна линија неизбежниот) пат за развивање на здраво, инклузивно општество. „Македонецот" (или „Албанецот", или „Турчинот", или „Балканецот" воопшто) не е „генетски" предодреден да живее во раздор: единствено е важно што повеќе да се развива свеста да биде изготвувана и почитувана *инклузивна регулатива* што ќе им овозможува еднакви можности на сите. Друштвото на писателите на Македонија од 1 јуни 2024 г. па наваму работи по тој принцип: досега усвоени се 16 (шеснаесет) нормативни акти, и тоа е причината поради која организацијата работи успешно. Јасно е дека ваквото усвојување и почитување *инклузивни правилници* е предизвикот пред кој се исправени не само книжевните манифестации кај нас, туку и сите други институции: и од областа на културата, но и воопшто.





821.163.3-1

НОВ ЧЛЕН НА ДПМ

Искра Донева

Жолти жили во
половинка калинка –
звезден лавиринт.

Семе засадив
од божиќната тиква –
никна крушка.

Во вешти раце
оригами пеперуга
оживува за час.

Избеган фазан
од зоолошка градина
двор ни краси.

Магично утро.
Врз љубовна порака
гранче јоргован.

Чекорам покрај
црвените божури.
Кралска прошетка.

Стар штрк стои сам.
И нему некој многу
му недостига.

Клукајдрвчето
длаби во хармонија
со мојот чекор.

Јато фламингоси –
посакав да грицнам
шеќерна волна!

Минам крај патот.
Љубичици со мирис
ме отпоздравуваат.

Во перење се
ишарала кошула –
апстракција.

Траги од мачка
на хаубата... Вкрстени
патишта.

Бршлен се јази
околу дуња – чиниш
гали љубена.

Сончев зрак по
жичарница се спушта –
пајакова нишка.

Жолтото лисје
дома ми се засолнува.
На прагот зима.

821.163.3-1

КАКО СЕ СТАНУВА УСПЕШЕН

Томе Велков

ќе купиш диплома за завршени студии
ќе ја закачиш на опашката
на твојот уличен пес,
ќе лаеш барабар со него
да чујат надалеку
дур до другото маало
ако треба и преку граница.
ќе пцуеш сè по дома
дури и баба ти и дедо ти
како главни носители
на лошите гени
(бидејќи прадедовците и
прабабите се мртви)
за да нè разберат другите
дека не те бива за ништо.
ќе влезеш во некоја тајфа
како претседател
и ќе почнеш да си ги модриш
градите со тупаници,
за да видат дека си како Мајаковски
ама од плоштадот скопски.
ќе те стават во некоја Антологија
која ќе ја подготвува пријателот
за утре да му вратиш
на ист начин,
можеш и да лустрираш некого
како кодош
така побрзо ќе се истопориш на Водно
без водич и без жичара.
и нема да завршиш тука
ќе бараш да те преведат
на некој странски јазик
и испеат како шлагер
во сите балкански држави
дури и до стара Европа,
бидејќи си ги задолжил
како грчка економија.
ќе те тапкаат по рамо
кога ќе ги собираш наградите
како листови расол
во стаклени тегли,
ќе ги скиселиш за да истраат
барем до крајот на твоето владеење.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Гордана Михаилова Бошнакоска

КАМЕН ВО ВИТРИНА

Поминувам покрај оваа витрина
од ореово дрво со шари арабески
и резба од гроздови и лозово лисје
сѐ е толку прецизно и некако блиско,
не можам да ја одбегнам.

Витрина затворена со застаклени врати
во неа порцулански сервиси за чај, за кафе,
сервис за колачи, врз нив англиските
сини шари на дами и кавалери
им ги подаваат чадорчињата
за сонце од сина тантела,
се огласуваат вековите минати
понегде и заборавени, сребрените дискретните
малите чашки за ликер наредени во војнички ред
врз одмерениот послужавник,
бокал од Карлови Вари со изгравирани букви
да се знае од каде е,
дрвено луле од германските шуми,
фотографии во позлатени рамки
од кои гледаат насмеани лица
и еден камен, обичен камен
колку глава од човек
изрован од земјата
со некои дупки и една мазна
тој на горната полица
така единствен и сам стои
зад него нема ништо
само високото длабокото темното.

Некој прошепоти од Кајмакчалан е
каменот му ја спаси главата
додека вкопан во ровот во земјата бил.
Него одамна го нема веќе
и витрината се празни
останува само каменот во темнината
што и неа ја облева светлината
се протегам го земам.

Збогум ѝ велам на куќата
и заминувам.

КАМЕН И МОРЕ

Тој некогаш на Белото море одеше
и јас сега тука сум
ги носам зборовите тешки
ми се од тебе излезени
каменот врати ѝ го на земјата
во високата планина немој да одиш
тешко е тоа за тебе
убаво може да му биде
ако тука го закопаш
во нивата над морето
се повторуваат брановите
во моето скаменето срце
јас сум збран не сакам да гледам
во минатото онаа темна витрина
каде со години дупката ја чувствував
од куршумот прострелан
низ камената глава,
земјата што ме спаси
и ти сега во оваа нива
закопај ме плитко за некогаш
да можам да се нурнам
во нашето море.

Сторено е.
Заминувам за да ме вратиш
кога плисокот од бранот
ќе ми го пратиш во падот
на моето камено тело
на дното и уште подлабоко
каде во јагленот
дијамантот се дрочи.

СОБИРАЧОТ

По патот на далечната планина
наведнат го гледам човекот
што се обидува од тврдата земја
полузакопаниот лискунски камен
да го извлече.
Жешкото сонце ги открива небесните ѕвезди
заспани во светлоста на денот врз неговото тело
неочекувана убавина во високата планина,
а не можам да го вградам во мојот ѕид
што во градината од мојата куќа да го вградам.
Лискунот е мек не може друг камен
врз него да го издржи.

Го канам човекот во мојата куќа
на сок од бозел да го освежи.
До него ранец полн со камења лежи,
од цела Македонија шетам и ги собирам.
Каменот од лискун врз каменот од тремот
го остава нема дожд да го кваси.
Заминува во потрага по нови камења
излегува од дворот се завртува и ми мавнува.

Благодарам му отпоздравувам.

ЗАМОКОТ НА ПОШТАРОТ

Во илјада осумстотини триесет и шеста година
во малото место Оприр во Франција
во околината на Лион роден е Фердинанд Шевал.
Ништо значајно, го започнува своето предавање
професорот инаку познатиот писател Ладо Рошиќ,
ако овој човек не бил поштар.

Околината на Лион е голема полна со мали места,
местенца, газди на полски имоти, селани со нивните семејства во трошни куќи, наспроти аристократските летниковци и поседите со граѓанските куќи.
Во големата од свинска кожа торба,
со долгата рачка префрлена на едното рамо,
полна со писма како омилена комуникација
во тоа време,разни известувања
за порези платени или неплатени,
плакати за уметнички изложби,
реклами за нови книги, списанија,
постоење нови семиња,
што би се рекло полна торба тежина.

Поштарот на крајот од денот,
уморен здробен од одење
и од вообичаеното разменување
на поздравување и отпоздравување,
ги забележувал просторните промени.
Но нешто што неизмерно
го воодушевувало биле камењата.
Започнал да ги собира.
Некои покрај патот, некои понатаму,
а некои полузакопани
како sиркаат нивните облини,
зашилени врвчиња, бои живи,
бели, жолти, синкави, зеленикави, црни.
Со тек на време насобрал повеќе такви брденца,
ваму-таму разместени.

Од секогаш сакал да има замок
и започнал да ги реди онака
колку да стојат еден врз друг
еден до друг сплотени со земјена кал.
Враќањето дома му траело долго,
ама задоволството од стореното
било полно со зајдисонца
со ненадејни врнежи од дожд од снег
од менување на годишните времиња.

По долги години работа
застанал пред оваа камена градба
неговиот замок, пред влезот
да го премости прагот
не можел да го вовре неговото тело.

Ах, ааах се чуја гласовите на слушателите,
а некој рече што ќе сторите –
ќе одам таму одговори професорот,
Ладо Рошиќ.

ЗАМОКОТ НА ПРОФЕСОРОТ

Во гласилата и на телевизиите
беше објавено за новиот потфат
на професорот Ладо Рошиќ.
Во едно од неговите повремени
патувања во Франција отиде во Лион
и се упати кон малото место Оприр,
за кое тврдеше дека се наоѓа
замокот на поштарот Фердинад Шевал.
Годините си го направиле своето.
На местото за кое мислеше дека би бил замокот
беа купови камења,
а некои затрупани со земја.

Добро, си рече професорот –
ќе го направам мојот замок
и започна да го гради.
Луѓето го гледаа човекот
Неговиот ентузијазам,
неговата внесеност,
му носеа јадење, вода, вино
дури газдата на една напуштена куќарка
му понуди да живее во неа
додека го гради замокот.
Траше сето тоа неочекувано долго,
предавањата на факултетот беа откажани,
во Деканатот се обратија до Француската амбасада
и до Македонската амбасада во Париз
од двете амбасади им одговорија –
зарем немате контакт со професорот,
не, немаме само ни јавија од Лионската општина
дека знаат за овој sидарски потфат,
на професорот од Скопје
и дека заминал за Фиренца,
му требале мозаични камчиња
за прозорците на замокот,
а во Фиренца е најснабдената продавница.

Две студентки што беа во класата
на професорката Јана Емкова
која им предавала мозаик,
а тие се на специјализација во Фиренца.
Професорката им се јави
и им ја објасни целата ситуација
о, радосни што ќе го видат
познатиот прпрофесор,
веднаш отидоа во најпознатата продавница
во која воделе список на купувачите
го пронајдоа неговото име.
Им кажаа во која катедрала ќе го најдат,
тие отидоа таму.

Се обsираа на лево, на десно
и нагоре во познатите мозаици
нивната споеност беше толку совршена
толку втопена со брусот на каменчињата
и само со едно свртување благо во лево
се појави мозаикот на Св. Вид
со препознатливите веѓи
на професорот Ладо Рошиќ.
Студентките сосема збунети
ѝ се јавија на професорката
во Скопје да ја известат
за нивното откритие.

Очигледно ова го смени текот
на изградбата на замокот.



Поезија

821.163.3-93-1

ПЕСНИ ЗА ДЕЦА

Стево Симски

НЕ ЗНААТ ЗА ШЕГА БРАНОВИТЕ

Децата од брегот
на брановите им се фалат
дека кулите од песок
без алат ги прават.

Брановите што е шега
не разбираат –
не знаат да си играат.

Брановите
Растат, се силат –
брануваат на езерската
и на морската шир
дури од кулите детски
песочни на брегот
не направат вир.

МЕСЕЦИТЕ

По јануари и февруари
и март сто ума крие
и бел мантил за април шие.

Го лажат мај бил нај
браќата јуни и јули
мајстори за кули без тули.

Август септември го пече
октомври ноември го бои
а декември години брои.

И МУШИЧКА
СИ ИМА ДУШИЧКА

Сѐ што лета
сѐ што оди
сѐ што нурка
сѐ што броди
сѐ што скока
сѐ што лази
сѐ што рие
сѐ што плови
има нешто
што го лови
има нешто
тој што лови –
од нешто
си има мака
и многу нешта
што ги сака –
и мушичка
си има душичка.

КОГА МИЖИ
НИ СОЗДАВА ГРИЖИ

Ако зборот дојди
кажан е за бегај
така зборот запри
означува терај.

Тогаш тој што бара
вели дека дава
место гледај – мижи
ни создава грижи.

Кога она туркај
го читаме влечи
тогаш зборот молчи
означува речи!

МОЈОТ ДЕТСКИ СОН

Кога ќе станам крал
ќе направам да се знае
летниот распуст
шест месеци да трае.

За зимскиот распуст
три месеци ќе има
да се доживее секој ден
од снежната зима.

А напролет и наесен
распуст секој ќе земе
кога тоа ќе го посака
во секое време.

ЧЕТА ОД ШЕСТ ЛЕТА

Моливот е остар меч
гумичката лесен штит
тетратката бојно поле
а Буквarот коњаник.

Печатните букви
се војници и десетари
а буквите ракописни
за парада генерали.

Првачиња избор чета
родена пред шест лета
подготвена за бој стои,
а бојот е читај брои.

(С. Симски)



Студија

316.7:2-264

МИТСКИОТ МОДЕЛ НА МИСЛЕЊЕ, СИМБОЛИЗАМ И ТРАНСФОРМАЦИЈА

Јасмина Мојсиева-Гушева

Истражувањата во областа на интерференциите помеѓу митовите, фолклорот и уметничките дела нè наведуваат на констатацијата дека голем дел од симболите, мотивите, приказните, ликовите во уметничките дела се деривати на прастарите древни култури.

Митските приказни датираат од предисториското време и се карактеризираат со специфичен модел на мислење од кои произлегуваат начините на однесување и активност на секој припадник на заедниците. Како што е добро познато, митската свест на архаичниот човек не се служи со апстрактни поими, но тоа не значи дека примитивниот човек ваквите категории не ги препознава и практикува. Во неговиот светоглед постои јасно разликување на она што е благопријатно (корисно) и непријатно (штетно) за него. Благосостојбата ја наоѓал во сонцето, светлината, храната, детето со чија помош го одржувал животот на заедницата. Непријатните доживувања потекнувале од соочувањето со различни егзистенцијални опасности како што се природните непогоди, болести, непријатели и конкретни sверови. Со текот на времето тој научил да ги групира овие две содржини во категориите на добро и лошо и да изгради систем на заштита преку одредени форми на религиозни церемонии што се состојат во обожување на свети предмети (тотеми, божества) и донесување забрани за одредени дејства.

Во овој начин на организирано живеење табуто има значајна функција на заштита на поединецот и на заедницата од заканите што можат да имаат најразлични заднини (еколошка, медицинска, идентитетска). На пример, табуто може да придонесе за: поефикасно користење храна преку одредени ограничувања кога смее да се јаде; добивањето здраво поколение се постигнувало со забраната на инцест; јакнењето на чувство на идентитетска припадност кон одредена група било поврзано со забрана на употреба на симболи од други племиња.

Во текот на своето психичко созревање архаичниот човек е поттикнат преку своите потреби и желби да креира симболи што ги употребува за градење митски слики и приказни. Во процесот на нивното создавање подеднакво учество имаат информациите што тој ги добива од надворешниот свет (перцепцијата), но и од потсвеста и соништата како поттикнувачи на креацијата. Како точно овој сложен начин на создавање симболичко (апстрактно) изразување настанува само се претпоставува, бидејќи сè уште не е доволно разјаснета улогата на свеста, потсвеста, желбата, егото и другите елементи што учествуваат во процесот на мислењето. Но евидентно е дека тој процес на креација на симболите е колективно дело и дека траел многу долг временски период.

Повеќе истражувачи се обидувале да допрат до суштината на овој проблем создавајќи свои теории преку кои ги толкувале одредените сличности, но и разлики на употребуваните симболи во човечките креации. Согледувајќи дека во различни географски региони постојат одредени сличности во митовите и фолклорните приказни германскиот етнолог Адолф Бастијан ја создава теоријата за постоење универзални ментални шаблони што лежат во основата на културните изрази. Овие универзални когнитивни обрасци или „елементарни идеи“, како што ги нарекува Бастијан, се преткултурни, што значи дека произлегуваат од заедничката човечка ментална структура. Како што објаснува антропологот Креинат Џејнс „Бастијан ја поделил човечката општествена мисла на две категории: (1) елементарни идеи и (2) фолклорни идеи. Елементарните идеи се заеднички за сите култури, додека фолклорните идеи се изрази на елементарните идеи во поединечните култури“(Kreinath 2013: 54) и тие се манифестираат различно низ културите.

На слично гледиште за постоење универзални елементи меѓу културите бил и британскиот антрополог Џејмс Фрејзер кој ги истражувал повторувачките митски и ритуални обрасци низ цивилизациите. Иако формално тој не ја усвоил терминологијата на Бастијан, сепак може да се каже дека Фрејзеровата компаративна митологија ја одразува Бастијановата идеја дека под културната разновидност лежи заедничката човечка психа. Впрочем, оваа идеја на Бастијан била инспирација и за подоцнежната Јунгова теорија за архетипите и колективната потсвест, како што голем број денешни психолози веруваат.

Јунговите архетипи всушност се исконски симболи и мотиви што се повторуваат низ митовите, соништата и религиите и по својата природа се двосмислени бидејќи преставуваат несвесни потенцијали лишени од фиксни значење.

Оттука произлегува и амбивалентноста на симболите, односно нивното значење се формира, се менува и се надоградува во зависност од припадноста на културните средини и различните интерпретации и контексти во кои се употребуваат. Симболите според горенаведените гледишта, се културни изрази на подлабоките универзални „елементарни идеи" или „архетипи". Како што нагласивме, нивната двосмисленост произлегува од начинот на кој различните општества ги обликуваат и ги толкуваат. Ова тврдење ќе го поткрепиме преку толкувањето на архетипот на жртвата во различните митологии. Во митологија на Ацтеките човечката жртва се сметала за неопходна за да се хранат боговите и да се одржи сонцето во движење, каде што жртвата одржувајќи ја врската меѓу луѓето и космосот е симбол на рамнотежа. Архетипот на жртвата во грчката митологија често вклучува лично страдање заради космичка рамнотежа и е поврзан со должноста (Ифигенија – ќерката на Агамемнон е жртвувана за да ја смири Артемида и е симбол за лојалноста кон судбината). Христијанската традиција ја претставува жртвата како морално и духовно прочистување (распнувањето на Исус е крајна жртва за спасение на човештвото и е симбол на искупување на гревовите).

Како значењата на архетипот на жртвата се прикажуваат и толкуваат низ различни концепти (космогониски и епско-херојски) покажува и македонскиот археолог Никос Чаусидис во книгата „Космолошки слики: симболизација и митологизација на космосот во ликовниот медиум" наведувајќи дека: „Во поархаистичните средини тежиштето на овие слики по правило е насочено кон резултатот од жртвувањето, т. е. космогонијата... или претстави на крајниот резултат на таа борба, т. е. моментот кога змејот е победен, а јунакот го воспоставува редот во вселената... Хтонскиот змеј или неговиот антропоморфизиран еквивалент, во ваквите слики го зафаќа дното, т. е. долниот дел од композицијата при што е евидентно дека неговата фигура ги застапува долните зони на вселената"(Чаусидис, 2005: 266). За разлика од космогонискиот во епско-херојскиот концепт на толкување тежиштето е ставено на сижето, односно на борбата помеѓу хтонското суштество и херојот. Ваквото поставување, според Чаусидис „значело маргинализирање на другиот аспект од овој мит – создавањето на универзумот... овој концепт е типичен за оние култури кои се наоѓале на повисок стадиум на општествено уредување (почетен степен на цивилизација и државност)"(Чаусидис 2005: 267). Во продолжение тој објаснува дека поради потребите на: „културно-општествениот амбиент космогониското мит постепено ќе се трансформира во епско-херојски" (Чаусидис 2005: 267). Оваа трансформација и доминација на епиката и хероизмот според него е произлезена од потребите на времето што бара „овие митски содржини да се употребат како парадигма за содржините на категориите што се наоѓале во темелите на тогашниот општествен систем (моќ на владетелот, ред, закон, борба против злото...) (Чаусидис 2005: 268).

Сумирајќи ги наведените гледишта и примери, можеме да изведеме повеќе заклучоци. Со текот на своето созревање архаичниот човек започнува да го развива апстрактниот модел на мислење што произлегува од практични потреби, користејќи ги за таа цел неговите биолошки функции, пред сè сетилната перцепција и способноста за мислење. Проучувајќи ги митолошките творби и архаичните обредни ритуали, повеќе научници (Бастијан, Фрејзер, Јунг) дошле до исто сознание дека постојат одредени сличности, но и разлики на употребуваните симболи во човечките креации што се обиделе да го протолкуваат создавајќи сопствени теории за него. Нивните теории се базираат врз гледиштето за постоење универзални елементи меѓу културите (елементарни идеи, повторувачки мисли или архетипи) произлезени од заедничката човечка ментална структура, чија двосмисленост произлегува од начинот на кој различните општества ги обликуваат и ги толкуваат. Овие нивни сознанија се поткрепени преку различните симболички толкувањата на архетипот на жртвата во различни митологии, како и преку согледбите на македонскиот археолог Чаусидис за трансформацијата на архетипот на жртвата во зависност од концептот на толкување (од космогониски во епско-херојски) и периодот на човековиот развој.

ЛИТЕРАТУРА

Jung, Karl.Gustav. 1977. Phihološke rasprave. Matica srpska..

Kreinath, Jens. 2013. „Bastian, Adolf". Theory in Social and Cultural Anthropology. An Encyclopedia (R. Jon McGee, Richard L. Warms). Thousand Oaks: SAGE Publications.

Melgar Valero, Luis Tomas. 2017. Mitovi sveta. Beograd: Laguna.

Frazer James. George. 1977. Zlatna grana I, II. Bgz..

Чаусидис, Никос. 2005. Космолошки слики: симболизација и митологизација на космосот во ликовниот медиум. Скопје:Чаусидис Н.



Поезија

821.163.3-1

ОД ДЛАБОК ПРОСТОР

Зоран Анчевски

Ничија земја

Постојат две можности:
или сме сами во вселената или не сме.
И двете се подеднакво страшни.
– Артур Кларк

Заоѓа богот. Ле-леее!
На сè што е и не е. Безмилосно се крева
матното море на кружниот ПотоП.
Да се пребројат е време коските на живите.

Заоѓа сонцето. Ку-кууу!
Ти шепоти за сенки што си ги знаел, санким луѓе
што попусто за господари на земјата се имале:
сал судбина горка таа им била и гробница тесна.

Заоѓа месечината. О-ооооф!
Иако и тоа, за некои, не е од голема важност.
Не сакаат попусто да се грижат за тој пропуст –
ним бескрајот ко празна мешунка им се нуди.

Сè си има свој крах. А-аааах!
Наслаги од кревки пеперуги и плахи зборови.
Крај на оваа земја – стар, превеан престапник,
џимрија со лице на бајата џимиринка.

Ќе се најде ли јунак во царството на изненадата
со насмевка што допира до неговиот ореол,
за горката безнадежност да најде спасоносен лек
и очајот да го тргне ко маска од нашите лица?

Ах, ова е сега ничија земја, а била сечија.
Ова е земја на оган и мраз, ова е пораз
на тоа што сал троа сме биле
и на тоа што ич не сме биле.

На тоа што самите сме си го скроиле.

Оваа земја,
еднаш сечија –
сега ничија,
земја...

Пуста желба

Да ми е да го расплетам подгорениот фитил
на сонцето, да ги распеглам збиените фалти
на црните дупки низ кои заминале безброј
планети со нарамени бовчиња густа тишина,
пред да ме фати некој пороен дожд од ѕвезди.

Да ми е да ѕирнам отаде галактичкото сеќавање
и да го видам изгревот на новиот Агнец божји
во јаслите прекриени со мека кумова слама. Да ми е
да го видам вселенскиот кафез со отворена врата
низ која ѕвездите одамна одлетале во друго време.

Да ми е да те почестам со една јадра ѕвезда
изнедрена во некој далечен дијамантски квазар
што пулсира ко блескав часовник без бројки
сместен во вселенски меур од дувано стакло
врз кој се послале густите кадрички на ноќта.

Да ми е да легнам до тебе на космичка постела,
да ги зберам во богат букет воздишките наши
ко збир од парни бројки и така, преполни љубов
и нежност, да кинисаме кон длабокиот простор
со крупен и ситен чекор за таму заедно и спремно

да го дочекаме новиот Голем тресок.

Црна дупка

Најпрвин нема што да се види: мала пупка, струпка
врз бескрајната, шарена палета на вселената
што ко вртимушка споулавено околу себе се врти.

Се отвора наврапито во некое далечно минато време,
ко шеретски да ѝ намигнува на иднината рамнодушна
и да ѝ вели дека кога и да е, ко вкусен залак ќе ја лапне.

Современе се шири, отвора штрбава уста и шмука
ко подмолна морска ала сè што пред неа ќе се најде.
Решето е што просејува небесен какол од крупни ѕвезди...

И така, ете, наследници сме на тоа што веќе го нема.

Се збогуваме со глетките од кои си зедовме очи на заем,
космички ветер ни ги брише последните стапки,
наназад стрелките на часовникот споулавено се вртат.

Се збогуваме со крштевките, родендените и погребите
ги извлекуваме последните зборови од моли(т)вите,
и со празни ракави ѝ мавтаме на сината планета за збогум.

Се претура времето од еден во друг вселенски котел.
Со себе тоа ја влече и оваа мушичка-земја во вител
кој, штом еднаш ја голтне, веднаш другаде ќе ја плукне.

Супер нова

Таа е вжарен котел што пулсира ко ново срце
во плодната космичка утроба: се надула среде

неола небула ко кластава жаба во жабурник
и фрла огнени јазици од зорт-заман и дерт.

Ококорено е око на вселенска жар-птица
што крвави лава при својот огнен танц.
Пламени пердуви наоколу шири, ширити се тоа
на завеса што бог знае како се отвора и збира.

Зар љубовни маки ја мачат, загубила ли љубов
штом сега за неа дерман нема? Родилни ли
маки ја стегаат и грчат, та се извива и кричи
врз црна постела навезена со дрочни ѕвезди?

Зовриена е стерна на некое надземно ништо.
Клокоти, клука ко лакома иноземна врана.
Заситка нема, трча по црно поле и лови вселенски
мравки – планети и комети што алчно ги голта.

Бројани ни се деновите на овој свет што завршува
со плач и вресок, за друг да започне со силен тресок.

Ехо

Не знам дали звукот на Големиот тресок
замрзнал во долгите, бушави коси на семирот,
но знам дека кога и да е тој пак ќе се врати,
ќе ни тропне на врата ко паѓалка-ѕвезда
за да ни каже гласно каков бил пред искони.

Му велиме дека до нас допираат многу гласови
од минатото, но не знаеме чии се, од што се:
ангелски крици од Небесните војни ли се,
тресок ли е гласен на тешките порти од Рајот,
или адски лелек од нечии ослепени војски?

Само знам дека кога пред многу животи бев дете
и стоев под спилите од длабока речна урвина,
изустив кревко, детско „Ох!“ од убоста пленет,
што се лизна по гранитот со кварцни светулки
и втона во порозниот варовник кон друго време.

Потоа настапи тишина од која и морињата
се повлекоа, шумите многулетни паднаа на колена,
ветрот се врза во јазол, јасното сонце потемне
и сиот семир глуво премре пред ехото што зататни –
санким глас Божји кој вели: „Преку глава ми е од сѐ!“

Ѕвезди

Буквите од имињата им се расфрлани
по бескрајниот небесен крстозбор
што се шири вертикално и хоризонтално,
а се решава на неколку мртви јазици.

Ги знам јас тие густи јата оти човек сум
со голем избор од шарени насмевки
чија моќ на убедлив ноќен говорник
се гласи со песна низ сферите од вселената.

Тие ноќта си ја носат со себе во бовче
и штом го отворат, вечераат од него скромно.
Од песните им плетам плот наспроти ветрот
заталкан вон прегратките на своето царство.

Кога светлината ќе се раздели од мракот,
молкума присвојуваат некој зрачок за себе,
колку да се различни од обичниот камен
и достапни за окото мое – гиздави.

Сакаат ноќта одморна да им е – складна,
оти без неа невидливи ќе се и безимени
и сал во разделбите ќе ја гледаат суштината
на своето постоење богато со авантури.

Често ме оставаат сам со прашање клучно:
Како да го смирам тивкиот набљудувач
во себе кој им подава дланка со ситни понади
не би ли ги нахранил за да станат појадри?

Сосвездија

Како да ги разбереме овие грски од пулејки
нанижани во долги ниски од студени монистра
врз црна клашна – валано вселенско сукно
наџиџано со срмени ширити, гајтани и киски?

Едни се ко позлатени чапрази за колан,
други ко пафти-трепетушки со сребрен опков,
трети ко платинести филигрански петлици
што запетлуваат небесни долами и џамадани.

Кој ли незнаен кувенџија ги исковал вешто
и небрежно ги фрлил врз црно кадифено басмо?
Знаел ли тој дека и ден-денес ќе се пулиме во нив
со зјапнати чурилки наколкани со крупни чуденки?

И да знаел, зар не му било жал да фрли такво азно
в небесен бунар без дно што мислиме на дофат ни е,
а ни бега ко привид во длабок простор што не знае
за ѕидови и нѐ остава со полни очи и празни раце.

Се лити светот на стварноста, се шири светот
на вообразбата... со пулејки, пафти и петлици.

Ѕвезда-паѓалка

Не излегуваат приказни од постелата на тие со кус сон.
Одамна сум влегла во умовите на ѕвездочетците и на
сите што не можат да се справат со своето потекло, а со-
нуваат долго и сакаат да знаат зошто. Измислија и некак-
ва лудост дека секој човек си има своја ѕвезда и кога ќе
појде на вечна починка, душата му прави прошетка и се
сели на неа.

Но и ѕвездите паѓаат и умираат, та ги слушам луѓено кај
велат: „Вечерва ќе паднат повеќе ѕвезди од кога и да е.
Дожд ќе е тоа што не го наоѓа своето поле. Кијамет од
ѕвезди. Белким не ќе да е тоа помор на кутрите души во
бескрајниот вселенски понор.“

Има нешта што се случуваат секојдневно, а луѓето не ги
забележуваат бидејќи се навикнати на нивната повтор-
ливост. За нив не трошат многу зборови, немаат потреба
да ги кажуваат приповдигнато и со восхит. Но јас не сум
едно од тие нешта.

И еве ме. Идам со сите нишани за човечкото око: со блеска-
ва глава, совршено тело и сјајна опашка – санким вселен-
ска сирена што ја вее долгата коса на космичкиот ветер.

Таа помисла целосно ме плени и... еве ме, сета горам од
возбуда и паѓам.



Осврт

821.163.3-1(049.3)

МОЌТА НА ТЕЧНИТЕ МЕМОРИИ

Марина Мијаковска

Новата стихозбирка „Моќта на водата“ на Жаклина Михајлова нè води на уште едно поетско патување преку водениот јазик, течниот поетски стил и брановите од темите за интимниот свет и телесните метафори на жената. Многу поетеси пишуваат за водата како симбол, а во поетските архиви највпечатлива е стихозбирката „Воден конец“ на Светлана Христова-Јоциќ. Михајлова продолжува по патот на песните обединети со „воден конец“ и создава поетска синтеза што е олицетворение на моќта на водата како митски симбол и еден од основните елементи на светот. Лирскиот субјект е налик на риба што живее покрај големата вода на Атлантскиот Океан, но и во татковината што лежи врз телото на океанската вода. Затоа водата е симбол за Жаклина Михајлова која пишува од личната позиција со разводнет јазик и женските телесни течности како женска моќ.

Во оваа книга водата е клучен мотивско-тематски конец со кој се нанижуваат во низата песните една по една водени капки. Ваквата постапка на Михајлова создава стихозбирка што има концепт и компактна суштина од почетокот до крајот. Без вода би немало жив свет, тоа е праелемент за постанокот на светот, кога небото и земјата се обединуваат во љубов за да настане животинскиот и растителниот свет. Тргнувајќи од оживувањето на ваквите познати космогониски поетски слики, авторката од својата душа ги вади на површина разбрануваните бури, солзи, немири и секрети што ѝ ја измиваат душата. Таква е првата песна „Моќта на водата“ што е амблем за целата стихозбирка, а во која се спојуваат небото и земјата, водата и копното. Песните се распределени во три цврсти циклуси: *Водописание, За Талбинго* и *Паталија.* Во песните од *Водописание* поетесата се нурнува во длабоките митски води и пробува да се снајде со егзистенцијалните бранови денес. Во песните *Роса, Врне, Солзенија* ја опишува водата како „соларни капки“, „алхемиски медиум“, но и како праисконски лек за опстанок на човештвото. Во македонската традиција на празникот Источен петок или Балаклија постои ритуален обичај да се оди на изворите со вода за да се замие човекот за да најде лек за тоа што го мачи телесно или духовно. Водата е средство за обредно-ритуални практики на празниците Водици и Балаклија. Тоа е средство за ритуална иницијација во сите религиски практики. Во песната *Водици во Дуф,* се даваат поетските слики за празничното фрлање крст и осветување на водите за да се истера злото. Водата со себе носи меморија, таа памети време и простори, епохи, историски настани и е водопад на животниот сукцесивен след. Тоа авторката го изразува преку следниот стих „меморијата ја носи со себе“ во *Љубовна рапсодија* или „меморијата, секако, е вечен воден миг. Магија!“ во песните *Мразулци* и *Меморија*. Водата носи во себе љубов, надеж, иднина, тајна сила и бележи. Во песната *Скрајa да е,* поетската порака е дека само љубовта е услов да го претвориме светот околу нас во позитивно место за живеење и злото само со љубовните води може да се истера како што со босилек и вода се истеруваат злите кошули. Некои од песните се љубовни монолози во кои поетесата како да разговара со космичкиот создател низ превезот на светлината и сончевината. Такви се песните: *Сончевина, Светлост, Потреба* итн. Лирскиот субјект е рефлексивен и растреперен, поетските слики истекуваат како скалест водопад во стихови и се нижат во метафорични водопади. Поетскиот стил е згуснат и длабоко метафоричен и загатлив. Во најтечната песна *Порта* е присутната метафората на раѓањето како женска метафора. Лелекот и крикот како женски глас е присутен во песната со ономатопеја *Ози, ози, ози, оj,оj,оj!* Женскиот крик се пушта при раѓањето, плачот, кога е нанесена пресна рана на женското тело. Во песната *Австралија и јас,* лирскиот субјект е номадски и ризоматски субјект растргнат меѓу две копнени површини, покрај две води: големата и малата вода, но и дводомен и покрај две културни стебла. Тоа е опеано и воочливо во следниве стихови:


„Корени не пуштив.
Жедна сум за мое.
Гладна сум за топлина,
пекам за љубов,
лелекам за миг
внимание.“ (Михајлова 2023: 39)

Ваквата талкачка и приспособлива природа на лирскиот субјект ги зоврива внатрешните пориви и од немирот прави истекување на насобраните течности во изворите на стиховите. Песните од овој циклус песни се однесуваат на родината и „малата млака вода“, а завршуваат со песната *Епитаф* што

предизвикува морници кај секој читател и познавач на поетесата. Во следниот циклус *За Талбинго*, песните нè пренесуваат во океанските води на Австралија и нејзиниот втор дом. Овие песни се инспирирани од планинските предели и убавини на местото Талбинго во кое поетесата наоѓа поетско катче за да ги стиши своите бучни гласови. Низ метафората на кенгурите како симбол на мајчинството, грижата, но и змејот како митолошко суштество, Михајлова повторно пишува за женските теми. Во песните: *Дождовно лето, Руменилото, Оган, Тишина на Кочушко, Тишина на езерцето Џоунама, Враќање во Талбинго, Црвенила* итн. огнот се измолкнува како доминантен елемент од грлото на тишината. Во овој циклус елементот на огнот се појавува како подоминантен од водата, но во врска со водата. Пожарот и пламенот се гаснат само со вода. Овие два елемента се поврзани, затоа што огнот е страст, а водата е љубов, а само со љубов може да се изгасне жедбата за страста. Во овие песни доминантна е стилската изразност со реторичките прашања, алитерацијата, параномазијата итн. Во *Мојот единствен дом – мојата куќа во Талбинго,* Михајлова низ кондензираните поетски слики пее за куќата-музеј со македонски орнаменти. Сиот спомен за родината го голтнаа пламените јазици на пожарите. Лирскиот субјект со избришана меморија ожалостено ечи во стиховите:

„Мојот македонски музеј
отиде неповратно. За жал.
Останав јас
во кожа со коски,
празна и сама.
Сосема сама." (Михајлова 2023: 50)

Во песните од третиот циклус *Паталија,* доминантно е враќањето во домот-душа родината. Преку песните *Македонија, Пејат, Збор, Мирисот на липите, Миг липовина, Илинденска*, Михајлова се враќа во водите на детството и младоста, а во кои е доминантен елементот на земјата. Меморијата за човекот е течна и аналогна со водата, човекот памети. Тој исто како водата се враќа на исконските места за да се обнови и прочисти. Мирисот на липата е олфакторен надразнувач за мемориите од земјата со најмногу вода и извори. Од ова враќање кон земјата и тлото, Михајлова создава кружна поетска структура затоа што повторно се враќа кон водата. Поезијата за Михајлова и животот неразделно пулсираат низ трите елементи: вода, оган и земја, а воздухот е во вдахновениот поетски здив. Енергиите се мешаат и се испреплетуваат една со друга и се навраќање кон митските енергии за почетокот. Преку оваа игра со есхатолошките митеми, светот што се распаѓа одново ќе се создаде низ вода, оган и земја. Воздухот ќе ги обедини четирите елементи од светот во кој создаваме трајни вредности.





Проза

821.163.3-32

ЛЕФТЕРИЈА

Марија Воденска

Сестра ми Лефтерија умееше да ми раскажува како мајка, како свекрва ми и како баба ми. Таа, милата, имаше дарба и желба да ми пее од вечерта дури до зори. Умееше да запее така нежно и тивко, со милина секој би сакал да ја слуша. Кога таа ќе запееше, мојата работа ја оставав таму, до каде што е стигната.

Штом ќе се стемнеше и мракот ќе се спушти, ќе седневме на балконот и ќе ја чекавме зората со хорското натпевување на птиците. А сестра ми, блескаше повеќе од полна Месечина среде мракот. Зрачеше мелодично како ленинградските бели ноќи во септември.

Од последната средба, пред да заминам или да се вратам, седнo, ми остави спомен во слика врамена во брилијанти, која ниту времето ниту промените на настаните не можат да ја поматат, а камоли да ја избришат. Слика, која со времето станува сè појасна, погласна и звонлива. Напати ќе затрепери, како в соне, но потоа се зголемува и се шири до крајните пори во душата. Се појавува како слика среде поле, меѓу зрелото жито во питомоста на утрото.

Седната и потпрена на столот, сестра ми тивко запеа:

„Дали помниш мило либе, кога двата се љубевме, како две летни галаби, вишно високо летавме. Кој ни скрши крилца бели, та паднавме искршени, еден од друг на две страни, еден за друг лути рани..."

Тивкото и бисерно пеење во ноќта се разгласи како тажна виолина по љубовта од минатото. Нејзиниот копнеж, нејзината отворена рана, остана незацелена. Рана од најраната младост, од родниот крај понесена

со првата половина од себеси. Рана безгранична со непремост преку граница. Втората нејзина половина остана на боиштето на Пајак Планина.

Пеењето со придружба на жуборот, откај отвореното корито на реката Брегалница, се разнесе со пиркањето на ветрето испомешано со кукуригањето на петлите откај Исарот.

Тоа утро пајажината од просирната маглина се прошета над покривите под Исарот, а потоа одмагли накај Бабите и ја снема. Над градот Штип, блескаво се распрсна сноп од сончеви зраци и го откри лицето на денот.

Тоа утро, од многуте одминати утра, мојата прва половина од срцето и јас, едновремено капнати за сон, се прибравме во тивката одаја на катот, да си ја разлабавиме снагата и душата. Во сонот, соништата ни идеа како јасни слики проткаени во иднината.

Уште нестанати од меката и удобна постела, сестра ми ми го раскажа пресно сонуваниот сон. Таа секогаш имаше многу јасни и значајни сонови и почна да ми раскажува:

– „Ја видов мајка на еден висок рид, целиот во трева, ама далеку. Јас од оваа страна, а меѓу двата рида широк и длабок дол. Сув дол. Мајка ми побара леб и со раката ми покажа, да ѝ пресечам малку сува сланина за со лебот. Мајка беше сама, а и јас сама. Наоколу никој немаше. Јас се провикнав и ѝ реков да ме почека, ќе ѝ однесам...“

По кратка пауза, дорече: – „Незнам дали успеав да ѝ однесам...“

Ја ислушав сестра ми внимателно, а таа потоа замолча и стана од креветот.

Молчев и јас, а со умот се рашетав по кривидолските ридови до Сушево. По малку време ѝ реков на сестра ми:

– Какичко моја, ајде да појадуваме и да одиме до чаршијата за да купиме сланина од дуќанот што е зад аголот. Таму има секогаш пресна сланина. Ќе направиме џимиринки и ќе раздадеме за душа, а наближува и денот кога мајка си почина.

– Арно велиш, ти си ми личната Мијка на Кака...

Ведрина ѝ го озрачи лицето. Знаев оти сака заедно да прошетаме по штипската чаршија.

Во Скопје, нашите средби зачестија откако сфативме дека нашето време се враќа со спомените од детските домови. Средбите пред Комерцијална банка, во Трговскиот центар, беа повеќе од душевна храна. Расприкажани седнувавме на клупите во „Жена-парк“, и тука, којзнае покојпат ги нижевме и разнижувавме бисерчињата што содржат и чуваат спомени од минатото. И секое поединечно бисерче си имаше свој сјај и своја боја, зад која се откриваше уште нешто недоискажано. Сјај во препознатливи нијанси од нешто подзаборавено минато, со нови страници од стари исечоци. Преживеани исечоци од најтажниот период во детството и раната младост, кога нè разделуваа од мајките, од сестрите од браќата.

Бевме разнижан ѓердан од бисери и распрскани во непознати страни. Ете, тоа бевме!

Плачот наликуваше на жално блеење на јагништа кога ги делат од стадото овци. Кој го слушнал тоа блеење, не може да го заборави.

Затоа при секое ново расветлување на моменти од минатото, со сестра ми боледувавме повторно и повторно. Таа болест, во одминатите години, ни беше повеќе од лек за душата. Бевме еднодушни со две срца. Сестра ми Лефтерија ми пееше и кога шетавме низ паркот и улиците во Скопје. Таа, единствено таа умееше да ми ја исполни душата со радост, копнеж и носталгија. Ја сакав бескрајно со сите нејзини досетки и случки од минатото и сегашноста.

Откако ќе се изнатажевме една на друга за секојдневните фамилијарни тегоби, ќе ја сместевме торбата со јадење меѓу нас. Сестра ми многу често сукаше баница со сирење и јајца. Како по навика, првата зацрвенета вивка од баникот ќе ми ја подадеше мене. А јас сакав најубавата вивка да е за неа. Таа милата, ќе речеше: – Јас ќе јадам и дома со децата. Сега сме заедно и сакам двете да каснеме... И уште недојадени ќе праша:

– Кога пак ќе дојдеш?

– Кога ќе речеш ти, Какичко моја! – ќе ѝ одговорев.

На испраќање, пред да се разделиме, ќе седневме кај „Фуфо“ и ќе се засладевме со кафе и сладолед. Јас знаев дека таа многу сака сладолед и тоа ни беше како капак на денот што изминува.

Ми доаѓа на мисла и се прашувам: Дали нејзе ѝ беше потешко во часот кога замина, или мене што ја носам тежината и бескрајно тагувам по неа. Дали му е потешко на оној што заминува или на оној што останува да тагува по оној што заминал?!

Ете, на тоа прашање, дали некој има одговор? Дали некој си одговорил?

Некои велат дека времето лечи. А јас велам, времето е тегоба за оној што во секој момент ја бара и ја повикува својата душевна јатка да беседи за сегашноста, за минатото и за старите времиња.

Бостон, 21 јули 2007 г.



Проза

821.163.3-32

КРАТКИ-КРАТКИ РАСКАЗИ

Трајче Кацаров

ТРКАЧ

Знам еден што им се потсмеваше на сите оние што трчаа, најмногу на атлетичарите на долги и на кратки патеки. Велеше дека е доволно да трчаш во мислите. Во нив треба да си брз. И трчаше во мислте. Таму и остана трчајќи. Оние што знаеја дека повеќе нема да се врати, знаеја дека некои препреки во животот не се прескокнуваат лежејќи.

КАМЕН

На улицата во играта, сè уште деца, едно од девојчињата ме удри со камен по грбот. Наместо да се свртам кон неа и како машко да ѝ вратам со иста мера, трчајќи се спуштив кон дома. Дома едвај ме смирија. Плачев, иако не ме болеше.

По педесетина години читам на социјалните мрежи некогашното девојче сега веќе сериозна госпоѓа, слави роденден. Ѝ го честитав роденденот. Со честитката на свој начин и го вратив каменот со кој ме тупоса по грбот.

СОЛЗИ

Жената ми вели:

„Колку брзо ти доаѓаат солзите во очите, тоа не можам да го разберам."

„Време е на солзите што во детството, во младоста не можеа да бидат побрзи од нозете, одлуките, зборовите, желбите. Време е искреноста да ја почувствува слободната волја." Ѝ реков на жената во чии очи видов солзи. Немаше потреба да прашам дали ме разбра.

ПРИЈАТЕЛСТВО

Со години наутро во Градската меана седнувам на масата со стариот пријател. Пред да започнеме со лав-муабет, нарачуваме кафе со чаша вода. По час-два, на заминување, филџанот со кафето пред пријателот останува полн. Прв пат кога го забележав тоа, го прашав: „Зошто не го испи кафето?"
„Јас не пијам кафе" – рече.

АУТСАЈДЕР

Поет кој добил награда за поетската збирка, во интервјуто за пишан медиум вели: „Денешниве поети се аутсајдери, на саемот за коли продаваат магарења."

***

Во градот, во моето најрано детство, немаше куќа да нема магаре. Всушност, само во куќите на оние што доаѓаа од селата немаше магарења, ниту друг вид стока.

Кога мама и тато беа на работа , за мене и мојата сестра се грижеше дедо Трајко. Наутро ќе нè ставеше – мене во едниот, сестра ми во другиот кош закачени за самарот на магарето и ќе нè однесеше на лозјето.
Оттаму нè враќаше кога мама и тато ќе се вратеа од работа. Така магарето стана мое најомилено животно.

***

Веќе возрасен ми се роди желба да си купам магаре. За жената и децата тоа беше шега на која не можеа да ѝ се изнасмејат. На прашањето каде можам да купам магаре, оние што знаеја да ми одговорат, велеа дека магарења има сè помалку, а ако се најде некое нема да е за малку пари.

***

Кога би можел да се сретнам со погоре наведениот автор би му рекол: „Не грижете се, времето на магарињата не е поминато како што и времето на поетите и писателите."

ПОД КРЕВЕТОТ

Како дете навечер не можев да заспијам додека не погледнам дали има некој под мојот кревет. Го правев тоа и кога под душекот поставен на подот не можеше да се провлече ниту мравка. Беше тоа мојата голема тајна. Сè додека не прочитав во една од песните на Вислава Шимборска дека и таа кога ќе легнела се плашела дека

има некој под креветот.

Песната на нобеловката ми помогна повеќе да не се чувствувам сам во стравот што ме следи од детството.

Човекот не може ништо сам, дури и да признае кога вината е само негова.

СЛЕПЦИ

Во моето долгогодишно искуство како културен работник, организатор на културни настани , од театарски претстави, книжевни промоции, портрети, ликовни изложби, сè до музички рецитали, заклучив, сепак без заклучување, дека: актерите не одат на претставите на своите колеги, писателите на промоција на книги на писатели, ликовни уметници на изложби на ликовни уметници, музичари на туѓи концерти.
Откако прочитав дека Бах пешки изодил 400 километри за присуствувајќи на концертот на својот идол да прогледа како музичар, ми стана јасно зошто уметниците во нашава Страдалница не се почитуваат едни со други. Зашто се слепци.

АНГЛИЧАНИ

Во едно интервју славниот драматичар Горан Стефановски се жали што во нашава Страдалница нема граѓанска драма. Сите биле херојски, воени итн. Во животот еднаш до два пати бев во друштво во славната личност. На ниту едно негово дело пишувано како драматичар, поет, интелектуалец, не сум му наоѓал замерка, едноставно од прва сум се согласувал со сè што ќе напише. Околу граѓанската драма би сакал , да беше жив можеби ќе имав можност во лице да му кажам: Драг мој Горане и да имаме граѓанска драма ќе биде за џабе, сè додека не се најдат јунаци да ја забележат. Зашто нам не ни недостасуваат драматичари , туку читатели особено помеѓу одговорните за фигурално предметната композиција.
Од театарските реалитети во нашава Страдалница само авторите не се прават на Англичани.

ЖИВ ДА НИ Е ОЧАЈОТ

Бев готов да се помирам со нерешен резултат кога Миовски во деведесеттата минута даде гол. Од радост, што би рекол Атанас Караман во „Печалбари“ ќе пукнев, како орев ќе се распукнев. Не пукнав, не се распукнав зашто надвор од даденото судијско продолжување фудбалер од противничката репрезентација постигна гол. Резултатот повторно егал.
Во тој миг да ме видеше мојот покоен дедо Трајко сигурно ќе речеше „Изгледаш како човек кому сите гемии му потонале .“
Гемии немам, ама за тоа имам како што и секој Македонец, очај на кој колку да му се закануваш дека ќе го фатиш за увото и ќе го истераш од Страдалницава, не бега, не нè напушта.

ПОД ВИСОК ПРИТИСОК

Го гледам мојот стар пријател снужден, па, го прашувам: „Што ти е, не изгледаш арно?“ „ Во последно време не ме држат нозеве. Не сум стабилен во одот. Не знам дали е тоа до високиот притисок? – рече.
За да го развеселам, знејќи дека и тој сака да се шегува, му реков: „Нашиот народ откако знае за себе нема стабилен од. Се мава, ту лево ту десно. И сè тоа од висок притисок. Ќе преживееш!“
Здрава насмевка му се појави на лицето. Тргнавме заедно во иста насока, тој од мојата десна страна удирајќи се во мене, јас од неговата лева удирајќи се во него.

ТРЕТАТА ОПЦИЈА

Марк Твен на својот јунак Хакалбери Фин, во истоименият роман му остава две причини за бегање од дома. Првата е посесивноста на вдовицата Даглас, нејзиниот конвенционален живот во кој доброто воспитание и образование го исправаат човекот на прав пат. Втората е неконвенционалниот живот на татко му, во кој образованието и работата се залудно потрошено време, а развратот – пијанството, коцкањето, проституирањето е слобода во изборот.
Логично е бегајќи од двете опции да се бара трета. Но која би била третата опција при вакви можности? Всушност, има ли трета опција?
Во романот на Твен, Хак Фин ја избира реката. Се спушта по неа со сплав. По патот по кој го води реката-животот, прави многу добри дела. Дела што го одликуваат (иако сè уште дете) како правдољубива морална, хумана личност.
Мудриот Твен, преку авантурите на Хак Фин сака да ни каже – ако му се препуштиш на животот на неговиот тек и попат, во ниеден случај не ја изгубиш човечноста во себе (правиш само добри дела, за возврат да не бараш признанија, награди, функции, чинови) си ја избрал третата опција. Подобар избор, здравје!

КУЧИЊА

Од село сум. Одамна живеам во градот. Кога го асфалтираа патот до селото од каде сум родум, решив, како и многумина, почесто да навраќам во родната куќа. По неколкуте обиди се откажав од намерата. Поточно речено кучињата ја завршија работата. Бааги се намножиле. Имало и порано. Нема село без кучиња. Тие беа селски и со нив лесно се разбиравме. ‘Ржеа, лаеја, ама не касаа. Сите бевме сиромашни немаа за што да нè фатат. Денешниве се градски само гледат да те почешаат по задникот.
Така говореше жената што седеше на седиштето до такси шоферот и патуваше во државната болница на преглед. Ги исполнувала сите услови за инвалидска пензија, ама оти нема свои и таа работа како и враќањето во родната куќа ја баталила.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Милчо Мисоски

ИСКРЕНОСТ

Утро и коњи
и она наше бегство
препуштено на случајноста,
на ветерот осаменик
кој нè може да го откупи небото.

Гордоста на дождот
позајмена сенка
која нè може да се повтори во сегашноста.

Додека го испивам чајот со цимет
пред времето,
сè преточува искреност
која ја победува вистината.

НЕДЕЛЕН ДЕН

Тоа беше
третиот ден од првата седмица,
недела
ден кога сè е на половина.

Половина парче ?!

Половина лажичка шеќер, половина чаша мед со оцет,
половина кришка леб со свинска маст,
половина сонце
погледнато низ прстите од десната дланка,
половично свиткување на раката во лакотниот зглоб
со кој половично ја придржуваме главата
која како да ни е на половина и
половично удавена мува во чашата со половина кришка лимон и
половина месечина која се појавила во половина небо и
половина долар ставен под ногарката од масата
за израмнување на рамнотежата на страните на светот,
ах, да,
ќе заборавам
и половина здив
кој се издишува.

МЕТАМОРФОЗА

Кражбата на соништа
барем на оние што сè уште не ја вкусиле
вечноста на времето
е метаморфоза на сегашноста.

Како сè да се сокрило
во исчезнувањето на трагите
(и)
вообичаената непрепознатливост на верувањето
(и)
секојдневната имитација на денот
(и)
нашата завера за среќата
која „без забелешка“
се случува
во рамнодушноста на измислените соништа.

ВЕТУВАЊЕ

Боже,
толку многу вистина
помеѓу кругови и соништа.

Боже,
толку многу соништа
во лудоста на слепата улица.

Боже,
толку многу едноставност
во едно ветување.

ЦРНА КОКОШКА

Ја разведувам светлината
крилјата на мојата црна кокошка
ја сокриваат нејзината непослушност.

Годините се крлушки на времето,
лулка на едноставноста
која се занишува од здивот на живиот ветер.

Цветови и листови,
приказ на силата што ја оставила гасеницата
полна со немири и желби.

Отворен прозорец
празна соба
и огледало без рамка
на сончевата страна на сонот.

БЕСМРТНОСТ

Тоа беше
играта на самовилите
позлатената сказна со која се продава среќата.

Тоа беше допирот на слепите метафори
во невиноста на црно-белите линии.

Тоа беше
трепетот на незаборавноста
недовршената слика на светлината
страста која го премолчува сеќавањето
во повторените погледи
со кои ја обележувам блискоста на ѕвездите.

Тоа беше
ноќта кога дознав дека бакнежот е бесмртен.



Нов член на ДПМ

821.163.3-1

ПЕСНИ

Митко Гогов

1.
По силниот тресок на вратата
отпоздравив за пријатен ден.
Како сте?

Уште ли живеете на: „На ти го – дај ми го“
интереси?

Научивте ли што е тоа љубов?

Кој уште би читал поезија во денешно време
освен оние што не се одљубија од месечината?

Во мракот не се гледаат сенки.

2.
Плачеме со боја на крвава калинка,
нѐ отсекуваат од коренот и нѐ претвораат
во трупци.

Се будиме како непотребен мебел
во канцеларии надвор од градот.

Администрацијата е некаде на тезга,
се продаваат без вагање нивните профили,
газдите ги именуваат со бројче.

Твојот број е недостапен.

3.
Во својот живот ја имаше
само буквата Р. Никогаш не се
разделуваа. Најпрво таа му ги правеше
најубавите јадења, а потоа
тој ѝ ги масираше мускулите.

Понекогаш го отвораше
прозорецот за да може да види како
зеленее планината и
воздухот повеќе не мириса
на изгорена цигара.

Р е каналот низ кој поминува крвта.

Нема поубаво од тоа Р да биде среќна и да
изрази желба да ги види и другите букви
од фамилијата.

4.
Ние сме популација на очи слепа,
на уши глува, на уста нема.

Три мајмуни спремни за акција.

Војни, страдања, терористи,
полициска бруталност, вируси,
нуклеарно оружје, глад, сиромаштија,
неправда... Колку малку зборови,
а колку предизвикана штета?!

„Човекот е единствено живо суштество
со развиена свест.“

5.
Рудници, отрови, загадувања,
нов Аушвиц, нови богови
– нови робови.

Хипокризија на духот.

Духови сме во напуштена куќа,
сеништа по засушени ниви,
пресушени канали
и заборавени воденици.

Одродени занаетчии без алат за скулптурирање
на нашето мермерно постоење.

Нам се почесто ни прилега надгробната плоча
место темел или плоча за претстојната мака.

6.
По расцепот на јакната се познаваше
изветвеноста. Ја носиш уште
од смртта на татко ти.

Како во луковица го чуваш
неговиот последен здив.

Ако удрат клетвите,
нека удрат по кожата од стари змии.

Од внатрешната страна засекогаш ќе останат
извезени неговите иницијали.

7.
На седмиот ден кога требаше пештерата
да се отвори, под падината на твојот молк
застана времето што ги толчи твоите стапки
и се претстави со нов лик.

Во тајните набори носеше лист со
испишани имиња од сите предци.

Зад импровизираниот живот
стоеја набиени колци. Меѓата
го делеше својот од своето.

Тој ден не дојдоа туристичките водичи
да ги презентираат карпите што се ронат.

8.
Не барај знаци на патот,
можеш да се најдеш на крстопат
опкружен со сите знаци на светот.

Тешко се патува во универзумот со пешкир.
Уште потешко со метален знак на грбот.

Модерен Исус изгубен во галаксијата.



Осврт

821.163.3.09(049.3)

КОН КНИГАТА „МАКЕДОНИСТИЧКИ ПРЕДАВАЊА“ ОД АЛА ШЕШКЕН

(АЛА ШЕШКЕН, „МАКЕДОНИСТИЧКИ ПРЕДАВАЊА“, ДИЈАЛОГ, 2025)

Димитар Пандев

Се потсетуваме и се упатуваме кон иднината, се разбира, на македонскиот јазик на Московскиот државен универзитет меѓу традицијата и иновацијата, што би рекол нашиот професор Конески. Тоа значи 50 години Катедра за македонски јазик на Московскиот државен универзитет „Ломоносов“, гнездото на славистиката, потем на Четвртиот конгрес на славистите.

И сега прославуваме, според мене, 40 години континуирана настава по македонска книжевност на Катедрата за македонски јазик основана во 1975 година од која изминале 50 години врз основа на 60 години од основањето на лекторатот по македонски јазик на Московскиот државен универзитет во 1965 година и ќе истакнам 80 години од програмската идеја тој лекторат да се отвори. Сè се тоа јубилеи кои денес ни се вкрстуваат во книгата на Ала Шешкен „Македонистички предавања“.

Јас би одел уште подалеку до 1885 и 1933 до Петар Драганов и Афанасиј Метвеевич Селишчев односно 140 години и 100 години, би рекле, во пресрет на отпочнувањето на курсот по македонистика што го отворил во Москва, но не на МГУ, Афанасиј Метвеевич Селишчев. Сè се тоа јубилеи коишто спојуваат и од кои секако ја имаме книгата под наслов „Македонистички студии“.

Македонистиката на сите овие претходно споменати, можеби тогаш неостварена или завиена под други номенклатури и на други универзитети како онаа на Селишчев, но сепак македонистика. Но, еве нè денес пред и со една книга со помпезен наслов „Македонистички предавања“. „О колку тоа гордо звучи“ што би рекол Горки, а по него и многумина. Но тоа е факт навистина оваа книга го има тој наслов и тоа гордо звучи.

И се разбира во оваа книга сепак го има и Горки. Овие предавања се одржани на МГУ и знаеме точно кој ги одржал, а тоа секако е Ала Шешкен, и знаеме и сите ние пред кого ги одржала, како ги одржала и било ли лесно да се одржат. Ќе почнам од последното. Не. Но се одржале, исто онака како што на МГУ ги држела своите предавања Рина Усикова, не било лесно, но ги држела.

Рина Усикова е една од најзначајните имиња во историјата на филолошкиот факултет на Московскиот државен универзитет. Позначајно, би рекол, дури и од името на Самуил Борисович Бернштејн ако ја читаме архивата на овој универзитет. Но, за тоа сега нема да дискутираме, ќе зборуваме за влогот на Ала Шешкен во предавањата на македонската литература на Московскиот државен универзитет низ нејзините македонистички предавања.

Што значи тоа? Литературата низ призмата на јазикот и историографијата во контекст на југословенските, но и словенските книжевности во контакт со руската и со советската книжевност. Да се знае сето тоа не е лесно. Тоа значи да се знаат, пред сè, врвните имиња на македонската книжевност, на југословенската книжевност, особено на српската. Важни се Добрица Цесарич и неговата врска со Кочо Рацин и тоа се имиња што се застапени во оваа книга.

Треба да се знае и Шолохов кој починал во 1984 година, значи бил жив во она наше време. Треба да се знае сето тоа, но во секој случај од каде да почнеме и каде да завршиме. Дали да почнеме како Ала Шешкен од преводите на Блаже Конески на руската литература стигнува до рецепцијата на Милан Ѓурчинов на руската литература?

Оваа книга на Ала Шешкен може да се збие во таа верига или во таа врска. Она што го направил Блаже Конески во почетоците, во преводите на руската литература независно колку бил вљубен во неа и што правел, би рекле, по директива или во она што било рецепција на Милан Ѓурчинов како еден од врвните слависти по литература во македонската книжевна средина.

Или пак да почнеме од „Мостот“ на Блаже Конески до „Јазлите“ на Владо Малески. Не верувам дека повеќе од десетмина го прочитале „Јазли“ на Владо Малески. Но еден од тие десетмина е Ала Шешкен. Да се прочита Владо Малески и неговите „Јазли“ значи да се вклопат почетоците на македонската литература во една целина од еден неговите основачи, а Ала Шешкен го направила тоа.

И не верувам дека некој му посветил повеќе внимание на „Мостот“ од Блаже Конески од Ала Шешкен. Зошто? Не мора да се прашуваме треба да одговориме. Шешкен ја имала храброста да се соочи со „Јазли“ на Владо

Малески и да го одгатне „Мостот“ на Блаже Конески. А тоа се едни од најтешките задачи во македонската литература.

А ниту Владо Малески им останал верен на „Јазли“, ниту Конески го претпочиташе „Мостот“, но ги напишаа. Секој во своето време. Конески на својот почеток, Малески на својот крај.

Ала Шешкен навлезе во македонската литература со спокојството на руски истражувач на една литература што според неа во определен период од својот развој се потпирала и на руската, но тоа секако треба да се знае, треба да се знае одлично руската литература, да се знае Есенин, да се знае Мајаковски и сето она, би рекле, мнимо, што би рекол некој од нашите претходници, влијание што тие го извршиле макар и во еден момент во македонската литература.

Исто така, Ала Шешкен секогаш наоѓала паралели кои, според мене, не се толку руско-македонски колку што се светски совпаѓања со големите теми на литературата. Ала Шешкен длабоко навлегла во сите пори на македонската литература и совршено контактирала со најзначајните дела на руската и на македонската поетика.

Таа тргнува од Охридската книжевна школа и нејзиното влијание врз руската книжевност. Тоа беше тема на Владимир Мошин, еден од оние руски, јас би го нарекол, полу-емигранти кого руската средина го прифати, а југословенската и македонската уште повеќе. Но тоа не е толку важно колку што беа прифатени неговите тези и тоа е за нас уште поважно што тие се и вовед во проучувањата на Ала Шешкен, независно дали овдека се споменува Мошин или не.

И тоа има смисла, Ала Шешкен има смисла за книжевни скокови, а скокот е особено карактеристичен за македонската литература, тоа е она според кое Шчепкин, Ѓурчинов вели Гачев, и оди по таа теорија, за оној забрзан развој на македонската книжевност и слободно би рекол оној скок што Ала Шешкен го прави – тоа е скок од Охридската книжевна школа до „Евангелие на Итар Пејо“ на Славко Јаневски. Можеме ли да си претпоставиме што значи тоа – векови и векови, правци и правци во литературата.

Ала Шешкен знае од апокрифите да стигне до Живко Чинго, таа знае и умее да ги открие обединувачките фактори на македонските поколенија. Оние концепти што се нарекуваат оро или „Тешкото“ или везот односно „Везилка“ на Блаже Конески.

Ала Шешкен знае да ги состави традицијата и авангардната лирика. Што значи тоа? Јас би се запрашал и би прашал постои ли авангардна лирика? Можеби постои и авангарда, но лирика? А можат ли да се одделат или не можат да се одделат лириката од авангардата? Бидејќи лириката ја создаваат авангардистите. Тоа го направија и руските авангардисти, тоа го направија и македонските авангардисти. И Шешкен ја доловува таа врска.

Ги открива формулите што Конески ги сфаќа како нагорени места. Но без нив нема развој во литературата. Во литературата мора да постојат пароли, мора да постојат нагорени места или изветвени места по кои што литературата се развива по свои патишта или едноставно се лизга.

Шешкен ги открива темните места на развојот на македонската литература со поглед на објективен истражувач. И тоа не погледот на Димитар Митрев, не погледот на Друговац, не погледот на Милан Гурчинов. Тоа е нејзин поглед зашто има во тој поглед нешто што не го согледуваат ни Јован Бошковски, ни Александар Спасов, ни Димитар Солев.

Јас споменав шест од најзначајните имиња во македонската книжевна критика. Но, секако Ала Шешкен со ова дело од една страна се надминува над нив, ги превозмогнува независно дали ги синтетизира, независно дали сето тоа го апсорбира во својот труд, зашто јазичната и книжевната апсорпција е една од најзначајните теми и во лингвистиката, и во поетиката.

Начинот на кој што Шешкен го открива модернизмот во македонската литература е чисто нејзин. Независно од фонот на кој што го поставува.

Македонистичките предавања на Ала Шешкен се предавања на еден од врвните универзитети во светот. Таму сè се предава сериозно од времето кога студенти биле Константин Миладинов и Рајко Жинзифов, независно кои им биле професори, а им биле Буслаев, Ламански и други.

Преку времето на Крсте Мисирков, кому професори му биле Бодуен де Куртене, Петар Лавров, до времето на Олга Панкина, студент на првата генерација македонисти, и Елена Берижникова, на втората генерација, Ала Шешкен ја презеде успешно третата генерација на студенти на Московскиот државен универзитет на Катедрата за македонски јазик.

Таа генерација изработија, сега го употребувам во множина, одлични теми од македонската книжевност. А како залог ги имаа овие предавања, кои Ала Шешкен прецизно ги обработи низ македонската литература. Теориски, историографски, водејќи сметка и за книжевните врски, но и за типолошките процеси, зашто не е лесно да се воспостави граница меѓу сродноста во литературата и типот на литературата.

Што се однесува до програмата на Московскиот државен универзитет по македонска книжевност, таму прво влегоа писателите што отпосле влегоа на нашата Катедра за македонска книжевност, односно сериозно се работеа, а подоцна тие станаа, би рекле, доблест на нашата Катедра.

Ала Шешкен ја проследи македонската литература низ нејзините развојни фази. Восхитува нејзиниот поглед на македонската литература низ призмата на руската и на советската книжевност.

Го знаеме ли денес Есенин, Мајаковски или Шолохов, е друго прашање. Но нашите предци солидно ги знаеме. Ги забораваме ли, е друго прашање. Но тука е книгата на Шешкен да нè потсети, и руските студенти, и нас – македонистите за почетоците на современата македонска книжевност. Оваа книга сега излегува во Македонија во издание на „Дијалог“ во која стои уредникот Веле Смилески. Јас се сеќавам на она време

и бев дел од тоа време кога книгите на Рина Усикова излегуваа во Македонија во изданија на „Македонска книга“. Тоа беше некаде 1986 година, а потоа излегоа и во Москва во мошне убави и прекрасни изданија.

Во очекување на руското издание, при сè што Ала Шешкен има значаен број книги, публикации и статии на руски јазик, од кои некои овдека се преведени, ја имаме оваа книга. Впрочем, како да се зборува за македонската литература, ако не на македонски?

Некогаш тоа е и врвот на наставата по македонски јазик на универзитетите во странство, на универзитетите во светот, особено на Московскиот државен универзитет, каде студентите одлично го совладуваат македонски јазик и напишале одлични теми, меѓу другото и докторски дисертации, токму од тема на македонската литература.

Се разбира, овој пат не зборувам за оние теми од областа на македонски јазик, кои што се особено значајни за развојот на македонистиката. Пред нас имаме една книга, во која има сè, нема македонски автор што не е споменат, особено од она значајно време за развојот на македонската книженост.

Јас се обидував да најдам некое име што го нема, но сепак некаде и тоа ќе се најдеше, провлечено во тие, би рекол, книжевни вкрстувања и јазични вкрстувања во онаа смисла во која што темата за јазичните и за книжевните вкрстувања била една од клучните во руската славистика и во руската лингвистика.

Ала Шешкен им припаѓа на врвните патеки во македонистиката и во славистиката воопшто. Таа е една од најзначајните македонистички имиња на Московскиот државен универзитет, по сите оние имиња кои што оставија значајна трага во развојот на македонистиката од она далечно време од кое нè делат повеќе од еден век.

И она што е најзначајно, Ала Шешкен е активна и таа е присутна меѓу нас, таа постои и тоа е она што нас нè радува. Од неа очекуваме многу нови и нови остварувања. Од неа очекуваме многу нови и нови остварувањеа што ќе се надоврзуваат токму на овие македонистички предавања, на овој наслов во којшто нема само литература, има и лингвистика, има и историографија, има и податоци до кои што тешко се доаѓа, но Ала Шешкен доаѓала до нив, независно дали преку разговори, преку дијалог, дали преку истражување.

Но факт е дека македонската литература отсекогаш била присутна на Московскиот државен универзитет. Јас би рекол од она време на Јулија Белјаева, која што го проучувала Кочо Рацин и го преведувала, или од она време кога Афанасиј Метвеевич Селишчев кажал дека вакви писатели како Крчовски и Пејчиновиќ нема никаде во Европа.

И сега слободно ќе истакнам – вакви писатели какви што има во Македонија, нема никаде во друга земја, бидејќи тие ја имаат Македонија, а ние ја имаме Ала Шешкен.

(транскрипт од промоцијата одржана на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 20 август 2025, Охрид)



Проза

821.163.3-32

СТО И ЧЕТИРИ

Драгана Лукан Николоски

Милена се подготвуваше за на работа кога Борјан излезе од купатилото, на наткасната до креветот тој го виде списанието кое го имаше оставено Милена. На насловната страница со големи црвени букви пишуваше: ДАЛИ И КОГА ДА МУ КАЖЕТЕ НА ПАРТНЕРОТ КОЛКУ ЉУБОВНИЦИ СТЕ ИМАЛЕ ПРЕД НЕГО?

Борјан се замисли, никогаш немаше размислено за тоа, но сега одеднаш сакаше да знае. Дојде до Милена, ја прегрна од зад грб додека таа ја местеше фризурата на огледалото во спалната соба.

– И... ќе ми кажеш?

– Што? – зачудено го погледна Милена преку огледалото.

– Кој е твојот број?

Тој во раката го носеше списанието и ѝ го покажа насловот. Милена се насмевна со најширокатa насмевка која тој ја имаше видено на нејзиното лице и само просто и едноставно како да кажува „чевли“ рече:

– 104.

Борјан остана стаписан. Милена доцнеше на работа, се сврте, брзо го бакна во неподвижните усни и замина кон вратата. Пред да излезе Борјан викна по неа:

– Што 104?

– Па, мојот број – одговори таа низ насмевка и замина низ вратата.

Борјан уште некое време зјапаше во својот одраз во огледалото. Одеднаш ништо повеќе не беше исто. Само повторуваше во себе: „104, 104, 104...“ Од овие кошмарни мисли го оттргна телефонот што упорно звонеше. Реалноста

го повикуваше да го започне денот, но Борјан само сакаше да се затвори во станот, да избега од светот во кој постоеја 104 други мажи кои некогаш биле со неговата Милена.

Денот му поминуваше неподносливо бавно. Излезе на појадок, но не чувствуваше глад и само седна на една клупа и ги загледуваше мажите што поминуваа пред него. Не можеше да верува, секој од нив можеше да биде еден од тие 104. Потоа почна да размислува дали е тој бројот 104 или се 104 без него. Интересно беше тоа што како сомнителни ги доживуваше само оние што му се гледаа згодни или, пак, позгодни од него самиот.

Потоа почна да размислува за самиот број 104. На брдото каде што трчаше имаше точно 104 скали, што тој секој ден без проблем ги искачуваше и сметаше дека не се многу, но сега чувствуваше дека толку многу скали би требало да има до самото небо, до стратосферата. Веќе подолго време бараше нов стан, поголем, сега од кога ја најде Милена и од кога сфати дека почнува да размислува и за деца, неговиот сегашен стан беше мал за едно семејство имаше само една спална соба и само 104 квадратни метри. Сега веќе не размислуваше така, 104 квадратни метри беше солидно голем стан, и плус ако се направи само еден ѕид и се намали дневната соба можеше многу лесно да се добие уште една спална соба, па дури и две, ако има потреба.

Целиот свет и целиот световид на Борјан се промени во моментот кога од устата на Милена излета бројот 104.

Кога Милена се врати од работа го затекна во чудно расположение. Повеќе пати го прашуваше што му е, но тој не сакаше да одговори. Кога таа го здогледа списанието фрлено во кантата во кујната сфати и почна гласно да се смее. Тоа уште повеќе го разлути Борјан. Милена сфати дека „Ѓаволот ја однел шегата“ и дојде до него и седна на троседот. Таа се обиде да му објасни дека тоа била шега и дека со другарките имале теорија дека кога ќе го најдеш вистинскиот дури и ако му кажеш дека пред него си била со 104 други мажи, нему ќе му биде сеедно. Но, нејзините објаснувања ништо не менуваа. Бројот 104 беше веќе закован во мозокот на Борјан како радиоактивен клинец што му ги труеше сите мисли. Од тоа што таа му го кажуваше тој единствено сфати дека 104 се без него и дека тој е бројот 105.

Како одминуваше ноќта и атмосферата меѓу нив двајцата стануваше понапната така и Милена ја фати инает и почна да му објаснува дека таа сега има 36 години, првиот љубовник го имала на 16, што значи дека станува збор за период од 20 години, и дека дури и да е точен бројот 104 тоа воопшто не е страшно затоа што математички би значело по 1 маж на секои 2 и пол месеци.

Оваа нејзина пресметка уште посилно го убеди Борјан дека не станува збор за никаква шега и дека бројот 104 можеби е и намален, како што впрочем советуваа и во глупавото женско списание. Вечерта си легнаа лути еден на друг, секој се сврти на својата страна и долго беа будни во тишината и се слушаа еден со друг како дишат.

Утрото осамна сиво и грозно какво што беше и нивното расположение. Борјан внимателно се искрадна од креветот додека Милена спиеше и отиде на трчање. Таа почека да се затвори вратата и скокна од креветот да се подготвува за да не биде тука кога тој ќе се врати.

Борјан дојде до фамозните 104 скали кон брдото и почна да се качува, но некаде на половина сфати дека нема повеќе сила. Од другата страна кон него доаѓаше некој непознат маж и одеднаш над неговата глава се појави огромен број 1. Борјан запре и со погледот го следеше мажот што кога се симна по скалите се претопи во толпата која брзаше за на работа, но бројот 1 не му исчезнуваше од над главата.


Борјан сфати дека не е расположен за трчање, но не беше подготвен да се врати дома и повторно да се сретне со Милена па затоа само безволно седна на скалите и ги гледаше луѓето што брзаа за на работа. Одеднаш над главите на одредени мажи почнаа редоследно да се редат нови броеви. Борјан сфати дека вселената на некој магичен начин сака да му помогне и да му ги покаже неговите претходници во креветот на Милена.

Во наредните неколку денови успешно се избегнуваа со Милена. Борјан во својата перцепција веќе ги имаше сретнато сите 104 и самиот кога се гледаше во огледалото гледаше како над главата го носи бројот 105. Кога се враќаше од работа во еден од ресторанте ги виде броевите 92 и 84 како нешто разговараа и сфати дека сигурно разговараат за Милена, па дури почувствува потреба и да им се придружи, но сфати дека беше премногу уморен од сето тоа броење и пребројување и само сакаше да оди дома. Кога пристигна дома доби СМС-порака од Милена во која таа го известуваше дека вечерва ќе спие во својот стан.

Утредента имаше закажано ран состанок со некој нов клиент. Утрото стана и побрза за да биде подготвен за да остави добар впечаток бидејќи му беше кажано дека новиот клиент е заинтересиран за проект за голема семејна куќа во новата елитна населба на периферијата на градот.

Борјан седеше сам во канцеларијата и ја гледаше сликата на Милена на неговото биро на која таа се смееше со истата онаа насмевка како кога го изговори фамозниот број 104. Борјан веќе не можеше да поднесе како таа му се исмева и ја преврте сликата кон масата. Во тој момент низ вратата влезе новиот клиент. Привлечен маж на 40 години и замислете, над неговата глава гордо стоеше бројот 106. Борјан пребледе, низ неговите мисли почна да ровари сликата на Милена со овој маж, Борјан веднаш сфати дека Милена синоќа не преспала во својот стан, туку во станот на овој никаквец. А тој само му се насмевнуваше и зборуваше за куќата, која планираше да му ја нацрта Борјан за во неа тој да живее со Милена, со неговата Милена која ќе му ги раѓа нивните деца за кои Борјан веќе имаше смислено и имиња. Ова веќе беше премногу. На рафтот до него стоеше наградата што минатата година му ја додели Друштвото на архитекти, за најдобро архитектонско решение на јавен простор. Тоа беше еден огромен кристал на кој беше изгравирано неговото име. Без да биде свесен што се случува, Борјан стана, ја грабна наградата и почна да го удира бројот 106 со сета сила. Одеднаш почна да прска крв на сите страни, но бројот сè уште стоеше тука. Борјан продолжи да удира и удира сè додека како расипано неонско светло бројот 106 не се изгасна.

Во тој момент исчезнаа сите броеви на светот, и сите бои, и сите звуци, само во аголот на неговата канцеларија, со пуканки во раката, седеше едно одвратно зелено чудовиште што му се смееше на сиот глас.



Наместо епитаф на гробот
на ~~Отец~~ Гаврил – Светогорец

Тука лежи
Неговото
Нетленно
Тело,
Чувајќи
Чудесна
Птичја се

Воскресе.

Помени го
Господи,
Зашто
Сé што имаше,
со љубов,
Тебе Ти
Принесе.

Михаил Ренцов



Навраќање

821.163.3.09(082.2)

ЖИВОТОТ НА КНИГИТЕ

Милан Ѓурчинов

Мора да постои нешто заедничко во морфолошкиот ритам од појавата на книгите. Нешто што ги доближува и изедначува, наспроти разликите и посебностите. Потребата на сведокот да се искаже, напонот на духот да заискри, порив-от на чувствата да се вивнат и да зазвучат, притисокот на насобраната внатрешна енергија да се ослободи и пренесе на други, илјадници, неслични, поинакви суштества? Не се ли, меѓутоа, тоа едностранн одговори што се однесуваат на подземниот механизам на творечкиот процес воопшто, но не и на воедначениот ритам од надоаѓањето на книгите?

Животот на литературата сè повеќе станува сличен на непрегледното океанско пространство чиишто извори и притоки ни се наполно недостапни, несогледливи. Она што е видливо и присутно, тоа е постојаниот прилив на новите и различни книги. Книгите надоаѓаат во бранови. Оддалеку погледнато – сите се еднакви, не се забележуваат никакви разлики, се чувствува само немирот на големата вода што е пред нас. Се доближиме ли, меѓутоа, гледаме дека секој бран е поинаков, има свој облик, свој правец на движење, мигновено се слева и исчезнува во водната стихија, но живее сопствен живот, нараснува и се пени со сопствена грива, носи сопствен звук во големиот шум на водата.

Така е и со книгите. Приближувајќи ни се, тие посакуваат да нè убедат во очигледноста на своето присуство и посебност. Мали, навидум еднакви, всушност с в о и минијатурни светови со сопствена гравитација и сопствен блесок во бескрајниот универзум на животот. Терминот „Животот на книгите“ на тој начин станува непогоден, зашто меѓу двете именки исчезнува секаква семантичка разлика, па и потреба тие да бидат диференцирани. Делови од животот, книгите и самите настојуваат да се објават како негова рамноправна еманација, – како облакот, како залезот, како дождот.

Светот на драгоцените книги (а ние пред сè нив ги имаме предвид) е секогаш конгломерат од најразлични нешта што значат многу повеќе од обични присеќавања или описни збирки на она што се случило или би можело да се случи. И тогаш кога навидум се рамнодушни и незаинтересирани, книгите нè водат кон нешто, објаснуваат илјада работи кои без нив би останале таинствени и несфатени. Тие бездруго го надополнуваат животот на најнепосреден и најцелесообразен начин. Така доаѓаме до мислата за неопходноста на литературата, за нејзината функција и за нејзините суштествени значења. Не е ли секоја песна, роман или драма знак за еден нов свиок кон вистината, повик за една обновена човечност, уште еден глас во песната на светот?

Рилке забележал: „Книгите, – тоа се искуства за безброј нешта во светот“.

Очигледно, – начинот, методот, формите низ кои тие искуства доаѓаат до нас, сега добиваат второстепено значење. Ја оценуваме автентичноста на новодојдената книга, не и предноста на методот. За начинот на кој е напишана – не споримe повеќе. Нека се тоа и необични книги, чудесни, видоизменети, нелесно достапни, хибридни, полухерметички, вчудовидувачки, исполнети со соништа и тајни, нека надоаѓаат од лавиринтите на далечните „изми“, да патуваат низ маглените меридијани на свеста и потсвеста, само да доаѓаат од топлите пазуви на духот, од високите гнезда на онаа мисла што охрабрува и очовечува со своите вистини и пораки. Секој метод е добар! Дајте му пат на творештвото!

Пишувањето е секако и едно мајсторство, но работата очигледно не е во неговото истакнување, туку во неговата потчинетост. Онаа, на вербален опис неподатлива мера, која определената низа од зборови ја пресоздава во песна е знак за чудесните можности на поетот. Таа варира, често изгледа недофатна, но во рамките на едно креативно искуство таа секогаш има своја логика и свои законитости. Формите ‘ртат врз потребата да се изрази „она“ што единствено на тој начин останува „тоа“; инаку се претвора во „не-тоа“, станува „друго“. Опитот покажува дека творците за формите однапред никогаш не мислат. Тие единствено внимаваат внатрешната содржина што ги притиска да ја преточат во таков словесен израз што ќе ѝ биде адекватен без поголем остаток.

При сето ова, понекогаш стаписано откриваме: угледувачкото дејство се заканува да ги засолни сите други. Книгите почнуваат да надоаѓаат сериски. Доаѓаат о ч е к у в а н и т е книги. Пишувањето се рутинизира. Се изедначува со геометријата. Желба да се досегне омилениот урнек, да се академизира авангардното, да се стави покрив врз она што треба да остане отворено докрај и засекогаш. Нашата книжевност сега прибира здив, акумулира нови потенцијали, подготвува нов поттик, ново време што ќе донесе нови струења, ќе именува нови поими, ќе открие нови поредоци на нештата.

Зарем всушност и сиот историски развиток на литературата не се одвиваше на сличен начин – низ многу напредни циклуси, од кои секој имаше свој врв и свое подножје, свои посегнувања, но и свои навраќања. И зарем сликата на ретроспективниот пресек на тој развиток не е слика на бескрајниот релјеф на множество литературни светови во кои има многу конвергентни, но и многу различни нешта.

Книгите, вистинските книги и натаму надоаѓаат во бранови. Никогаш исти. Трагањето по нив и по нивната посебност е всушност трагање по постојаните исконски, вечно млади сили и закони што управуваат со животот.

(Од збирката текстови „Определувања“, „Култура“, Скопје, 1969 г.)



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Миле Јованоски Поречанец

БАЛАДА ЗА ЛИПАТА

На на на, на на на,
Нана на.
Месец јуни сонце блика
Месец топол светли дни
Родна липа мирис шири
Што ми буди детски сни.

Место вино опој мирис
Кој ме води во друг свет
В младост моја кога вмигот
Станав и јас липов цвет.

На на на, на на на
Нана на.
Пеперутка или пчела
Што е битно што сум јас
Сал да летнам цвет да допрам
Да се сплотам взвезден час

На на на, на на на ,
Нанана, на.

В дел од стебло што мирис шири
Сплотени се детски дни
Секој јуни песна пеам
Липо родна, младост моја
Јас ве носам во мој сни.

На на на, на на на
Нанана, на

Од лист од липа стих прочитав
На лист од липа го препишав
И во срце го воспеав.
На на на, на на на
Нанана, на

Напомена: песната се изведува со гитара. Користени акорди г-дур, д-дур, е-дур за рефренот и е-мол, е-дур и г-дур за стиховите

ЗАВИСНИК

Замислен и тажен
Многу пати седам
Со погледот негде
В далечина гледам
Со мислите уште
Присутен сум тука
Но и тие се губат
Како сни во ноќта.

Единствена надеж
Иднината ми е
И она што таа
Во себе го крие.
Единствено таа
Надеж ми буди
Иднината само
Нови утра буди.
Сегашноста тешка
За мене е знам
Од минатото не сакам
Повеќе да земам.

Иднината мојата е надеж
Иднината мојата е надеж
Сегашноста тешка за мене е знам
Од минатото не сакам повеќе да земам.
Единствено таа надеж што ми дава
Иднината моја пријателка права.

Напомена: песната е пишувана 69/70 година во време на хипи движењето
Се пее со следење со гитара. Употребени акорди: а-мол,е-7,де-мол, ц-дур,г-7

ЛАЖЕН СВЕТ


Една пчела на дланка ми слета
Мислејќи дека е цвет,
Се излажа и одлета.

Песнопејка птица на глава ми слета
Мислејќи седело е,
Се излажа и одлета.

Еден просјак рацете ги подаде
Наместо пари книга му подарив,
Во погледот се препознав себеси.
Мора да си поет срамежливо пропелтечи,
Некогаш и јас бев.

Се ракував како со себеси.
Од чесноста сонцето блесна
Светлината под заштита нè зема
Зар на патот сум просјак да станам.

Еден крадец ми го украде нотесот
Со новонапишаните песни,
Го оставил 18-каратното монт бланк стило
Мислејќи дека песна лесно се пишува.



Проза

821.163.3-32

ОД АЗБУЧНИКОТ ЗА ВОЗРАСНИОТ ПИСАТЕЛ

Александар Прокопиев

АКО

– Абракадабра, одиме понатаму – се храбри писателот, иако е на самиот почеток на градење на расказот (?). Знае кој ќе биде главниот лик, каде (во каков простор) би се случувал, дури и нишката на дејствието му е претпоставена како ќе се движи, но... што ако се вплетат некои други чувствителни протагонисти, што ако сосем природно се вметне некое друго настроение што ќе ѝ го наруши тонот на приказната?

– Откаде сега ова ако? – се подгрбавува над компјутерот писателот изнервиран што му се врволат вакви боцкави мисли.

И новите реченици што почна да ги пишува како да ја присвоија таа несталност и прашалност. Сега, додека ги препрочитува, му изгледаат сосем добри, со наталожување на креативна енергија токму преку судирот и распрснувањето на наративните патеки.

БИЗАРНО

Писателот, страстен читател, понекогаш и во делата на големите претходници забележува неочекувани отклони, попатни импровизации навидум несоодветни на сложениот, исполнет уметнички облик. Но често ги чита со насмевка што и сега му доаѓа додека размислува за тоа шетајќи се по маалото, каде старите ниски куќи се скутриле меѓу новоизградените висококатници.

Решава да намине до меаната во приземјето на една таква забутана куќичка и нарачува лепиња со пет ќебапчиња. Иако одамна се откажа од ќебапчињата, ја загризува лепињата со здрав апетит.

ВОЗ

Како младич, во времето пред компјутерите и мобилните, писателот често патуваше со воз. Ако фатеше место до прозорецот, глетките се менуваа како на филмско платно, во правец на движењето или обратно, во зависност на која страна ќе седнеше. Уште поинтересни му беа патниците кои во купето влегуваа и излегуваа на секоја постојка – можеше најпрвин да ја расознае различноста на нивните физиономии, облеки и гласови, а оние поразговорливите што патуваа подолго, си кажуваа меѓу себе приказни од нивните животи, проследени со едноличниот тропот на вагоните по шините. Ги зиркаше, стутулен на своето седиште, и молчаливите, детективски замислувајќи од каде се, која е причината на нивното патување, што носат во куферите спружени на горните решетки. Потоа, за прездив, пак ќе погледнеше низ прозорецот во брзите, стркалани секвенци на движечките пејзажи.

Оттаму не е чудно што дел од неговите првонапишани куси раскази се случуваат во воз. Но малку е необично што денес, во времето на компјутерите и мобилните, кога со децении не го користи железничкиот превоз, неговата проза неретко се навраќа во магличестиот свет на возовите.

ГРЕБНАТИНКА

Писателот, и тоа токму додека пишува за една многу сериозна душевна рана што го мачи главниот лик, се присети на дамнешната епизода со гребнатинката кога, како десетгодишник на училишна екскурзија, се лизна на каменестиот брег крај реката. Тогаш другар му со кој се беше одделил од одделението, го посоветува да се измоча на гребнатинката за таа побрзо да му зарасне.

Решава да ја нападне слабата, шмркалива точка на приказната со детален опис на кусите панталони и чевлите на главниот лик.

ДОКУМЕНТ

Дали тогаш нефикционалното документирање (и коментирање) на фактите го исклучува имагинативното? Еве, топотот на дождовните капки по лисјето во мојата градина сега, додека ова го запишувам – дали тоа ги сочувува, ги документира овие мигови затоа што се забележани во една реченица?

Тука ми се надоврзува една посакувана особина за писателот – ДЕТКОСТА – со задржаното игриво љубопитство на детето кон видливото искуство што ја поттикнува фантазијата и со тоа го чини стварниот живот побогат и постварен.

ЃЕВРЕК

Асоцијативно, на прв поглед, може да се поврзе со уроборот, иако на змијата што си го гризе опашот не ѝ паѓа на памет да оди понатаму, а писателот, веќе по првиот загриз на свежо печениот ѓеврек со сусам или на неговиот варен собрат, вели дека нема јадено на сабајле нешто толку вкусно.

Тоа го поттикнува писателот, додека ужива во залаците топол ѓеврек, да помисли за односот во книжевниот текст меѓу правилата и суштината, колку тие се сепак само помошни, корисни средства што и самите се разоткриваат во потрагата кон неопходниот вознес во творечкиот миг.

ЗАФРКАНЦИЈА

Хоровите на жаби се познати во животинскиот свет. Иако може да се каже дека и штурците и волците имаат навика да се надополнуваат со гласовите во групното довикување, жабјиот хор зазема издвоено место по гласноста на вокалните партии. Амбицијата на одделни жапци да станат хороводачи често доживува трагично крешендо, зашто брзо забележани од штрковите и останатите долговрати водени птици болно ја завршуваат својата кариера. Хорот продолжува понатаму. Гласно и кратко или повоздржано и побезбедно, е некаков избор додека се препелкаат во мочурливиот занес.

Од друга страна, камелеонот, ги збунува грабливките и го чува животчето менувајќи си ги боите во широк спектар, од сина до портокалова, зелена до црвена, од црна до бела. Неговите испакнати очи, независно едно од друго, можат, за разлика од испакнатите на жабата, да го согледаат светот од различни агли, со едното од напред, со другото отпозади.

На писателот му е јасно дека ваквите споредби со животинското царство се многу попременливи во светот на политиката отколку во книжевноста, но сепак се обидува камелеонската вештина, неговиот неоспорен талент за пресвлекување, таа врвна зафрканција постојано и по своја желба да се менува, да ја примени успешно кај големите мајстори на книжевниот занает.

А во природата, си вели – жабите гласно ќе крекаат, камелеоните итро ќе се преобликуваат, а чавките ќе си грачаат меѓу високите крошни на дрвјата

ЈАВАШЛУК

Се отвора обилната ризница на пролетта, се шири благоста на мигот – цутот на розите, појот на пилињата, мирисот на липите – а мигот станува час, ден... Писателот опуштено замислува за царството на Кушите, црните фараони и Вердиевата Аида, за односот на Черчил кон Тито, за генералот Пиколомини и Скопје пред и по големиот пожар во 1689-та...

Можеби не би било лошо да запише по некоја реченица од тие лежерни, бавни богати течанија на мислите, но писателот решава тие и натаму да талкаат, а тој да мрзелува, додека во кафулето „Шаман" другар му го подготвува, со мерак и дрвено лажиче, неговото омилено кафе со мед.

– Јаваш, јаваш. Полека, полека, сè ќе си дојде на ред – си вели писателот – Јаваш и Шаман, баш си одат заедно, зарем не?

КУЈНА

Меѓу читателите се издвојува една особена група – гурмани со нијансиран вкус, со изострено сетило за потенцијалните ароми на понудениот текст, што чекаат да бидат изненадени. Поради таквите, за него многу важни читатели, писателот ја прифаќа улогата на готвач, во дневна или ноќна шема, што знае дека во литературата, како и во кујната, совршенствата се тешко остварливи. Некогаш и во литературата се става премногу зејтин и мелено месо и се нуди на читател што веќе нема ензими за варење таква храна. Затоа писателот, колку може, внимава да го погоди соодносот на состојките (без оглед дали ќе бидат послужени во старински керамички или во хартиени чинии).

И тогаш може да ја очекува милозливата поткрепа на критички чувствителниот читател.

МАЧКА

Што писателот треба да научи од мачката? Да се вдоми во она што го пишува, а при тоа таа да не се откаже немирното љубопитство на ловецот. Мачката што жмиркајќи преде на своето легло, веќе мисли на следниот премин од мирување во најбрзо движење. Така и во творечкиот процес, писателот го исполнува прездивот со мек опис за да се подготви за успешен, задишан наративен скок.

Како и мачката, со начулени уши.

НЕВИНОСТ

Никако не можев да им велам „бабо". Впрочем тие беа силни, убави и динамични жени. Нана Невенка и нана Родна. Памтам како ми кажуваа за нивните детства (кога ќе најдеа време од силните домашни обврски), малечки, интимни и невини приказни со ситни детали што само девојче ги забележува, дури и кога тие беа најсурови како атентатот на татко ѝ на нана Невенче, мојот прадедо, на скалите пред влезот во нивната куќа.

ОЧЕВИДНО

Пределите на сенката го привлекуваат писателот – затскриените нешта од онаа страна што понекогаш ни доаѓаат во соништата пред да се разбудиме, што толку силно ги насетуваме, а сè уште не сме ги допреле со нашите исплашени дланки. Писателот го храбри поривот да премине, нужно осамен, отаде каде што не владеат предвидливите шеми, каде чудотворната темнина од полувидлива станува очевидна.

СОН

Ако некои состојби на јавето ни наликуваат на сон и обратно, некогаш кога сонуваме ни се чини дека сме на јаве. Во длабоките ноќни часови, во сонот се случува да се движиме низ жешките морски плажи, а на јаве, сред лето, ќе сретнеме девојка во бунда како води на врпца пудлица во оделце. Да се запомни, да се сослуша сонот и потоа, да се вткае како важен дел од приказната, тоа ја тренира раскажувачката способност.


ТРУПКА

Писателот насетува дека под видливиот израсток (реченица, глетка, впечаток), внатре, длабоко во почвата има плод, но со кои форми и во какви бои ќе биде, сè уште не знае.

Нагонот да почне да копа може да стане речиси неподнослив, го тера да го врзе почетниот, кревок изданок да го врзе со нешто подлабоко, силно, но што може да е тоа, што ќе му открие копањето (веќе започнато, со сконцентрирано внимание) – очекувана награда или разочарување?, сосем е неизвесно.

Парадоксот е што добро ја владее, со години негувана, умешноста на занаетот, но целовитоста и сочноста на посакуваниот облик сè уште треба сами да му се откријат, без оглед колку агресивно копа.

(од ракописот во процес „Портрети")



Проза

821.163.3-32

ЗМЕЈОТ И ЦАРЕВАТА ЌЕРКА

Лидија Дочовска

Ме претвори во посебен занес планината Галичица, ме опи со болна опивка и ми ги излечи сите отворени рани. Тоа беше едно прекрасно сончево утро, се капевме заедно со неа, во воздушната бања што ја поседува само таа, од зеленикаата на вишните дрвја, кои од сонцето, чиниш, се вишнеат и го дофаќаат небеското синило, испомешано со златните зраци вкрстувајќи се меѓусебно, и натпреварувајќи се, кој од нив повеќе да ја допре таа релаксирачка убавина на рајската природа.

Еден зрак од неговата силина поцрвенуваше над каменот што се наоѓаше на највисокиот врв на планината. Чистиот воздух ме носеше како патоказ до местото на каменот. Останав изненадена од сликата што ја видов со мојот поглед. Тоа беше слика на изделкан змеј на камената нерамна плоча свртена кон Преспанската котлина. Во тој момент мислите ми ги запоседна една необична легенда:

Во кралството што ја опфаќаше Преспанската Котлина, растеше и се развиваше како млада пупка на миризлив трендафил, царевата ќерка. Никој не остануваше рамнодушен на нејзината волшебна убавина. Волшебна, затоа што сите очи на мештаните ги задржуваше на неа, сè додека не исчезнеше од нивниот видик. Долгата црна коса, се лелееше на нејзината половина и го доловуваше нејзиното бело лице со румени образи. Зелените очи ја менуваа бојата исто како длабочините на Преспанското Езеро. Таа ја сакаше природата и знаеше често да излезе од кралството да се растрча низ шумската долина и се изедначи со разноликоста и пријатниот мирис на шумските цветови. Во тие нејзини прошетки, често ја демнеше Змејот чие лежиште се наоѓаше на влезот од една пештера на планината Галичица.

Змејот со милост ја гледаше, но долго време не се појавуваше пред неа, не сакајќи да ја исплаши и повреди. Но колку што повеќе времето одминуваше, се зголемуваше љубовта на Змејот кон кралската ќерка. Таа толку беше разгорена во него, што и неговиот пламен што го поседуваше во душата му стана неподнослив. Не можеше ни да спие, ни да јаде, ни да живее без љубовта на кралската ќерка.

Еде ден се одлучи да се појави пред неа.

– Убавице моја, не плаши се од мојата става и лик, кој не доликува за тебе, но во него е собрана целата љубов што постои на овој свет. Љубовта кон тебе која пламна од мојата душа и тој пламен не можам да го контролирам, затоа што ќе уништи сè , и вашето кралство – рече змејот и од неговите очи излегоа и протекоа две жешки солзи.

Кралската ќерка не се исплаши, со тоа покажувајќи ја моќта на кралската крв... Мудро го гледаше змејот, во меѓувреме размислувајќи, а потоа му ги кажа следните зборови:

– Добар змеју, јас ќе бидам твојата жена и ќе живеам во твојот дом, но морам претходно да се вратам во кралството и да ги известам за мојата одлука – а потоа смело тргна накај кралските порти.

Во кралството сè беше раздвижено, работно, дури и војската го подготвуваше своето оружје за евентуален напад или за нови воjнички походи.

Се отвори вратата во одајата на кралот кога кралската ќерка го посети и му наговести дека сака да разговара со него. Кралот ја сакаше и се гордееше со неа повеќе од сето кралство што го поседуваше.

– Татко, почитуван мој кралу, отсекогаш ја знаеш и ја добиваш мојата љубов и наклоност како татко и како мој крал, но овој пат ќе морам да ја изневерам сета таа твоја љубов, само поради грижата и љубовта кон оваа наша Преспанска Котлина во која е распослано ова наше кралство, во кое живеат многу луѓе.

Кралот се намурти и вџасено продолжи да ја слуша, одмавнувајќи со раката во гест само продолжи понатаму со зборување.

– Татко, извини силно, морам да се омажам за Змејот од планината Галичица – го рече тоа, се заврти со грб кон кралот, да не ги здогледа солзите предавнички, и кога беше сигурна дека храброста ја владее, се заврти кон него, и продолжи: –Змејот ме сака толку многу што пламенот неконтролирано излегува од неговото тело и може да ја уништи целата Преспанска Котлина, да изгори цел животински свет и да исчезне и нашето кралство. Морам да одам. И те молам, немој со ништо да ме спречиш.

Кралот се замисли, но остана така и почна да размислува, додека неговата ќерка замина кај лежиштето на Змејот. Змејот се грижеше за неа како за право мало дете. Ја хранеше со најубавите билки и плодови, додека кралската ќерка секоја ноќ до утринските зори ги лееше солзите на румените образи, а потоа цел ден го преспиваше.

Кралот сакаше да го пронајди лежиштето на Змејот и со својата војска да го нападне и за тоа ги постави во предните редови најмудрите и најсилните војници, тие што најмногу му значеа за опстојување на неговото кралство.

Кога кралот со војската се подготвуваше да тргне кон планината Галичица, се појави еден овчар и застана пред кралската војска извикувајќи:

– Јас имам лек како да ја ослободам кралската ќерка од змејот и да го спасам кралството. Дозволете ми, честити царе, да го направам тоа – рече гордо младото момче, овчарче.

Кралот не им веруваше на неговите зборови, но сепак размисли и му одговори:

– Ако го ветуваш а не го направиш тоа, ќе бидеш убиен, а ако навистина ја ослободиш мојата ќерка и го убиеш змејот, за да не го уништи кралството, ти ја давам раката на мојата ќерка.

Младото овчарче, откако ги слушна овие зборови, среќен се насочи да се движи кон Галичица, кон лежиштето на Змејот почна да свири со устата, на шупелката и со грлото менувајќи ја бојата на гласот. Тие звуци се шириа како одек низ целата планина. Спокојство го опфати цел животински свет и сè замре, се претвори во огромна тишина.

Кога овчарот се доближи до лежиштето, го погледна Змејот западнат во длабок сон, а во него се слушаше само клокотењето на водата. Го зеде мечот од својот појас со едната рака и замавна силно во стомакот на Змејот. Од стомакот на Змејот почна да се разлева поток што стигнуваше и се влеваше во Преспанското Езеро. Тоа беше водата која Змејот неконтролирано ја пиеше од планинските кладенци за да ја разблажи силината на пламенот во неговото тело.

Кралството беше изненадено од силината на потокот што светкаше кога водата подрипнуваше на ридестите и нерамни места. Светкаше со светлина на утринската изгревнина. Тоа беше пламенот што се претвори во љубовна опивка што се влева во Преспанското Езеро.

Кога младото овчарче ја погледна кралската ќерка, и нивните очи навлегоа во дното на душите, знаеја дека се создадени еден за друг.

Покрај потокот на љубовта набрзо изникнаа нови егзотични дрвја, на кои се собираа разновидните планински птици во кои изникнуваа нови љубовни гнезда, и секојдневни песнопојки, во слава на љубовта на кралската ќерка и младиот овчар.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Ленче Милошевска

ЈУЖНО НЕБО

Сте спиеле ли надвор под
сѕвездено небо
на топла земја

под месечева покривка во селски двор?

Градот не знае

како шепоти ноќта во селото,

кога стивнува лаежот на кучињата

и во блаженството на ноќта

небото е накитено со сите ѕвезди.

Од некаде допира мирис на босилек

Те гали свеж летен повев и веднаш знаеш

дека си под ѕвездениот свод на јужното небо.

КУСОВЕЧНОСТА

Има нешто што го тера човекот да ѕирне зад хоризонтот
Во минато, во недопреното

Во прапочеток, во примордијалното

Долго време собирани камчиња и теракота

Ситни празни школки од плажите –

Фосилни остатоци од древните времиња

Од вечното движење на брановите

Од пеколот или од рајот на земјата

Сѐ дури не те сретнав тебе и бев излажана

Од плодовите што ги вкусив

О, тоа забрането јаболко!

Заведена од страста, заведена од поривот

Милениумите да ги надраснам

Од плодовите што ги вкусувам

Од забранетото дрво на укоста!

Надокрај морав од телото да излезам. Предолго ли престојував во својата вечност Не ја осознав кусовечноста Само пролизгав низ времето

Песните ми останаа во волшепствата заробени

Во заумноста надрочени – недопишани

ГЛАДНА ПО БОИТЕ

Гладна сум по боите
Гладна сум по буквите
Тие – дел се од светата светлината Вдомени се во моите очи
Напати сакам да полетам високо

Се плашам дека крилјата се топат
Со тресок паѓам, Икар сум
кога премногу кон сонцето се доближувам

Под суницата можам и пеш да поминам

Сите раскошни бои да ги видам

Таинствените зраци

за наши очи невидливите да ги досегнам

И среќна да излезам од другата страна Како во легендите

ПОЕТОТ

Ти боцкав жару во срцето Зашто никој друг како тебе
Не знае да допре во светот на заумното Од сѐ се прави песна, велиш
Само посакај да ги ислушаш пораките на согласките и консонантите и Соработката на зборовите во реченицата

Тогаш и водата што протекува низ ‘рѓосаните олуци на сегашното те понесува кон праизворите
на реките и на морињата

Те вознесува на небесата

за потоа да те врати на земјата
кон твојот личен безизлез.

А таа, водата, се врти во круг

Така поетите си ги прочистуваат душите
Гонети од огнените кочии на битноста



Проза

821.163.4(497.6)-32

КАКО ДОСТОЕВСКИ ЗАРАБОТИ ДЕСЕТ ЕВРА ЗА ДЕСЕТ МИНУТИ

Сеида Бегановиќ

Утрово умре Стендал. Се преврте настрана, ги оптегна нозете уредно пред себе, ја наведна главата и ги расфрли ушите врз паркетот како модроцрни крзнени влечки. Некојси модерен шинтер, што дојде по него, рече дека кучињата – значи и кокер шпаниелите – не умираат. Не можеше да ги знае прехранбените навики на Стендал според кои тој, сигурно, не беше христијанин за да умре; поверојатно ќе биде дека беше будист, или можеби муслиман. Па се коригирав:

„Се роди, не умре! Машала, машала, се роди!“

Немам среќа со кучиња. Неговиот претходник, Цуле Трети, со истиот кучешки Стендалов синдром, што со глава радосен удираше во земја кога ќе ме видеше и ме раскинуваше од грижи, го прегази камион. Немам среќа ни со морски прасиња: Вили Емин за три дена ослабе, оќелаве, се покри со красти – и умре.

Освен оние со лоша среќа, животните не стареат; тие само се забавуваат. Луѓето стареат. Се топат како свеќи или се гужваат како хартија. Кога ќе почнам да стареам – нема да се топам како свеќа, ниту ќе се згужвам. Јас ќе бидам како сестрите на татко ми: ќе личам на ухрането шимпанзо со добрина во очите. Или на дебел зајак.

Имам среќа со мажи, ама тие немаат со мене. Мери Бошкова, македонската Глорија Свонсон, ми рече дека

сум голема, дека моето „кредо“ е поголемо од мене самата и дека никој нема да ме задржи. Но дека јас не се сакам себеси, а себеси мораме да се сакаме. Што е многу – многу е! Не сум голема. Напротив, наутро го навредувам дури и сопственото огледало. Му врескам:

„О, колку сум денес убава!“, а тоа не се осмелува ниту да ме избрише, само од ден на ден сè повеќе се набира по рабовите.

Тагував. Не јадев, само пиев кафе, пушев и седев покрај изгаснат компјутер. А кога еден ден го вклучив – како да стиснав нешто погрешно – на влезната врата се истопори мојата пријателка Пијаната Русинка, Гала. Влетуваше кај мене кога имаше криза поради својот богат љубовник кој со години не се разведува од жена му.

„Пак троши струја!? И бела хартија!“ извика. Како и повеќето мои пријатели, и таа беше навлечена на моето дисфункционално его и редовно доаѓаше по својата доза самодоверба. „Босанка во Македонија – и пишува книги!?“ се смееше. „Во најдобар случај, од тебе се очекува да гледаш во шолја кафе. Поточно, судбина да предвидуваш. Ајде да ти бидам импресарио! Ќе ти носам клиенти.“

Не обрнував внимание на неа, пишував. Таа пак, шеташе дијагонално низ собата, редеше слики како да ќе ми го преуреди станот за бизнис. Одеднаш застана:

„Кога тоа Достоевски заработил десет евра за десет минути?!“

„Во 1903 година. Седумнаесетти јануари. Во Цирих. Како Русинка, треба да го знаеш тоа! А јас ќе заработам десет евра за десет минути и без рулет!“, реков мирно.

По неколку дена дојде со љубовникот и чета прашливи градежници од неговата фирма. На масата наредија шишиња пиво и планини ќебапи. И како да ме немаше во собата, седеа и правеа муабет – прво за Александар Македонски, а потоа преминаа на ликовите што ѝ ја уништиле старата слава на земјата, како во предизборна кампања.

„Постојат само два народа на светот – Евреи и Македонци“, рече еден портокалов мустаклија, гледајќи ме отстрана. Јас го погледнав тапо. IQ-то одамна ми беше уништено. Прошепотев низ заби, од уплав, дека дефанзивниот национализам некогаш знае да биде и корисна работа – и отрчав во кујната.

Го испија кафето – и ги превртеа шолјите на масата. Синхронизирано! – и тогаш ми светна зошто дојдоа. Премрев од срам. А од моите книги, наредени дури и по паркетот, искокнаа илјадници парови ококорени очи. Молк! Но, се сетив на нешто! Кога еден од ликовите на Борислав Пекиќ го мачеле, тој повторувал само едни те исти зборови.

Ја зедов првата шолја. На човекот му реков дека неговата судбина не може да се гледа – некој ставил печат на Хермес Трисмегист на неговиот временски канал; на вториот му кажав дека погрешно свртел на раскрсница каде седела троглавата божица Хеката, поради што има ептен проблеми со законот. И така се глупирав и глупирав, но бев и претпазлива. На секого му напоменав – дека тој има некоја мрачна тајна!

Утредента Пијаната Русинка влета кај мене, тврдејќи дека сè што реков било вистина: првиот работник имал мајка јасновитка, во Бела Црква, која му забајала никој да не му ја гледа судбината во иднина; вториот, пак, киснел по затвори, и така редум. А љубовникот – не можел да се разведе бидејќи жена му го уценувала. Сопнувајќи се со јазикот зборуваше за некој чичко од Америка, кого што љубовникот, заедно со татко му, го претепале, за исчезнатите пари со кои подоцна започнале бизнис. На крајот ме праша – ќе ја ожени ли „овој... нејзиниот“? Таа имала две деца, тој три, ама не знаела ни јајце да свари. Ѝ реков дека за одговор не ѝ треба јасновитка. Некое време поразено молчеше.

„Гледај колку сум убава, млада, колку долги нозе имам – а не можам нормален маж да фатам! Седум години! А ти!? Ќе отидеш на пазар со тоа твое газе како кај ррруската матррријошка, за да купиш зелка за туршија – и тебе ти нудат брак!“ почна повторно да се лути на мене.

Беше висока, витка, со истурени гради и црна, речиси модра коса. Стана и се вртеше самозаљубено околу себе. Носот ѝ беше тесен и убав, како на мајмунка павијанка.

„Треба да те викаат Катерина. Како убавите мајмуни со правилни носеви!“, ѝ реков – и вратите на пеколот се отворија: почна да доаѓа секој ден.

Потоа ме влечкаше по кафеани. Ја следев како кукла на конец, се гушев, ама нејзиниот очај ме обврзуваше. Секојпат носеше нов пријател во друштво. Јас смрзната седев во некој агол, а таа се надвикуваше, жизнерадосно наздравуваше. На крајот почна да го вика само еден од тие пријатели – некој фудбалски тренер – и морав да седам со неа, нејзиниот љубовник и тој маж. Но еден ден дознав дека тој фудбалски тренер бил четири години во затвор поради силување на петнаесетгодишно девојче. Самата ми призна по премногу вино, и тоа дека се надевала јас и тој да станеме пар, па ќе се дружиме со неа и нејзиниот љубовник, зашто немале пријатели. На крајот ми рече и дека е љубоморна на мене. На мојата самодоволност. Тоа, секако, не беше вистина. Но вистината веќе не ми беше важна. Се оддалечив од неа.

Пак бев сама. Пишував. Бев тажна па радосна – и така во круг. Со месеци.

Еден ден ми ѕвонеше полицијата на врата. Ме однесоа во мртовечница. Врз масата, под голем бел лист хартија, лежеше мојата пријателка Русинка. Превртена на страна, со екстремитети уредно испружени пред телото и главата наведната напред. Само нејзината модроцрна коса беше расфрлана околу како влечки.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Лидија Давидовска

1. Сотвори!

Отвори ги ходниците на познанието,
Влези во слепите улици на не-познанието.
Прифати, помеѓу желбите и можностите
Може да се роди гротеска.
Сепак, сотвори сега!

Врати се во пештерата на детството,
скини ја пајажината на својот Палеолит —
стравови, трепети, желби да те видат, да те чујат...

Да ме земат во погледот нивен,
да ми кажне топлина
да ми ги смири рацете
зафатени со хаосот на фиоките
во родителска спална,
да се смири девојчето – Сизиф
да се зајре пред последниот
кревок совршен ред и мир.

Таму ќе го чуеш твоето прво пеење за светот,
ќе поверуваш во неминовноста на првата творба
(за школска приредба ли беше?)

Сотвори!
Биди соло псалт на својот живот.

Знам, постојано ги чуваш и гласот и словата
под маглини и ведрини на котлина скопска.

Има некаква строга комисија
таму горе, на небесата,
што те држи
на мртва стража...

Избегај од таа касарна.
Сотвори, сега!

Совршено значи за-вршено, пре-кинато,
скинато и откинато од големата ПЛЕТКА.
Сотвори сега!

2. Големото отсуство

Во последно време
моите утра прогледуваат
со око на вител:
по каналите на бивството
изронува една тајна задача:
помисли на нешто ГОЛЕМО.

Пред мијалникот,
лицето мора да ги поздрави мислите
за да истечат па макар и во круг:
минато, сегашност, иднина.

О, тоа е онаа чистина околу мене,
тоа е она рамниште на големото ОТСУСТВО
(да речеме привремено)
кога свежите и сувите треви околу куќата
одбиваат да ја искажат на искап божјата тајна,
а знам дека ја чуваат, ја носат...

Ветрот врти грб и рамнодушно продолжува,
а големото Отсуство останува да лежи без сушност
по напуштените и мрзеливи ниви
што со години го држат закопан тој грев
(од социјализмот наваму?)

Насекаде се оптегнало големото ОТСУСТВО како бело знаме,
како празна заднина на неуспешна фотографија
на оној што гледа, а не може да види,
на оној што бара, а одбива да даде.

Штета.
Љубовта некогаш кампуваше долго, долго,
како извидник со повтеж по небески и земски тајни.
Можеби треба само да кажеш,
како некогаш селаните:
Голем си Боже, голем како Љуботен!
И толку.

3. Отуѓување во Маврово, лето 2011-то

Полноќно рибарење
со чун на месечина,
ловец, риболовец,
архетип – собирач на храна
и бивш витез заштитник.

Женскиот шепот:
Зошто остана на езерото,
во чуност на полноќ, на месечина
со трската толку долго?
Зошто остана во таа совршена огледална ноќ
сред езерскиот палимсест и месечина?
Ги најде ли својот длабок воден лик и слика,
твојот образ фатен во студена, чиста рамка,
и твоето колебливо, лизгаво срце во мрежита на ноќта?

Машкиот шепот:
Мирисаше на студ, мила моја,
на водени огледала, на далечини
и на твојата слика за мене,
за моето ноќно рибарење на месечина...

Женскиот шепот:
Која се врати, ми го згреши името,
како да беше исплакнато од студените води
што ги донесе со себе таа ноќ.

4. ДУШАТА НЕ ПРАВИ КАРИЕРА

Душата може само малку да се занесе
на кривината на стравот,
да зацапа по хоризонти пустини – белини,
по поезија, вера, кариера
или нешто слично.

Понекогаш ја гледам како купче бел прав
сметен од тротоар на улица,
како легнат бездомник пијаница.

Душата не може да направи кариера.
Моето предвидувања е –
ако направи,
ќе се срони ко бел прав на патот век,
или ќе слезе
во самозадоволна насмевка
на силиконски усни
што рецитираат
патриотски песни
со наместен патос.

5. НАВРЕДИ

Ако го земам
ова пенкало в рака
ќе се повредам
како Трнорушка со вретено.

Навредите се губат во мене
како снежен предел со црни човечки стапки
виден од воз
(слика позајмена од Роберт Лоуел) .

Ако ги спојам сите навреди –
ќе станат маса,
стопена неразградлива пластика,
разлеана низ животот,
еколошка, морална,
историска катастрофа
под која тешко се
дише како човек-жена,
случајна или неслучајна
Македонка.

Проблемот не е во испраќачот.
До примателот е.

6. Лош разговор

Почна како влез во безвоздушен простор
затегнат со штрафови,
како бело повесмо на денот
извалкано со црни букви.

Зборовите го скинаа повесмото,
белата хартија на денот.

Доволно е барем еден човек
да посегне по благоста на убавиот збор,
да влезе во спокојното одајче на Словото,
најдоброто место да нѐ вдоми
тука, на земјата.



Осврт

821.163.3-1(049.3)

ТАЈНИТЕ МЕСТА НА ЗБОРОВИТЕ НИЗ ПОЕЗИЈАТА

Драгана Евтимова

„Еден маж и една жена“ или како љубовта раздвојува светови, односно долгиот поднаслов на оваа поетска книга гласи: интерактивна збирка на поезијата за креативно читање и пишување од веќе познатата македонска поетеса Елена Пренџова. Ова е впечатлива книга во која веднаш е јасно дека читателот нема да остане пасивен читач низ поетските лавиринти што ги нуди поетесата. Самиот збор интерактивност покажува дека инвентивноста на Пренџова е нестандардна и ненаметлива, но присутна и го подготвува читателот за динамично патување низ поетските структури што се понудени низ сите поетски текстови.

Првото нешто што го забележав беше грижливоста на Пренџова во осмислувањето на својата книга: фондот е на Ласко Џуровски, таа е воедно и уредница (не е уредник, ја користи женската форма, што мене лично многу ми се допадна), книгата е испечатена со спирала и поделбата на книгата во три дела е видлива и во физичката структура.

Првиот дел е именуван како „Еден маж и една жена“ и содржи љубовни песни. На почетокот, Пренџова ме потсети на еден светски познат поет, Пабло Неруда, и неговиот одговор кога го прашале: Што е неговата поезија? Неговиот одговор бил: „Не знам. Многу е полесно да ја прашате мојата поезија кој сум јас“. Истото може да се каже и за оваа книга, за поезијата на Пренџова. Таа низ тајните места на срцето, интимно се заробува и истовремено се ослободува низ емоциите и од емоциите. Во меѓупросторот на чувствата, но малку поинаку, ги обединува тишината и гласноста низ љубовниот занес: „не заборавај да се сетиш на мене овде, во срцето/ кога ќе преживуваш ментални бродоломи на спротивната хемисфера“, или: „кога ќе ти се заледи срцето за мојата љубов/ нема да топам мразови/ ќе се замрзнам

на санта мраз и ќе отпловам од тебе/ постепено топејќи се до снемување“. Во сите песни што ги објавува Пренџова не се работи за општествени појави и нивните социјални карактеристики, туку за чистата перфекција на емоцијата што совршено го смирува читателот. Во стиховите нема драматичност, а поетесата како да ги контролира нештата однатре, од љубовта не се предизвикува гласност и бучава, а истовремено ја рефлектира темата на љубовта: „како ехо си ги слушам зборовите во твојот глас / и се прашувам чии мисли артикулираме – / на твоето срце или на мојот ум / на моето срце или на твојот ум...?“ Со бескрајна претпазливост две човечки суштества се издигнуваат над секојдневието и преку искуството што го носат со себе се соединуваат во една целина, во една личност што дише во две тела: „се вљубуваме во првата половина од секундата/ во втората љубовта нè води низ иднината/ смели сме да живееме со болката од оставањето/ а се плашиме да проживееме со радоста на создавањето“. Како целта на поетесата да е сознание на духовната и на материјалната стварност преку љубовното спознавање. Оваа дводимензионална функција како да има материјален објект (слика, тон, волумен, гест или реченица), додека пак во иматеријална смисла сугерира на нешто што е дадено во просторот и времето и имплицира невидливи емоции. А потребата за мир се изразува во една состојба на смиреност и интимност и на тој начин читањето на песните добиваат претпазлива читливост од страна на љубителите на поезијата.

Вториот дел од книгата има упатства за читање на песните, нивно толкување и поетесата ги поканува своите читатели активно да се вклучат во самотно читање, „немо, но со гласот на срцето“. Пулсирачкиот момент е во чинот додека се читаат стиховите, не поинаку. Поднасловот е „Поезија од штиците“ и се надополнува со истиот љубовен циклус од првиот дел на книгата, но со дополнување задачи и упатства за можните решенија за читање, интерпретација, вербални читања и сите можни начини за креативно маркирање на поезијата. Знаеме дека поезијата е специфична, емотивна, лична, дескриптивна форма на изразување на личните, перцептивните светови и дека нејзиното толкување и разбирање може да има повеќеслојно значење. Токму овој дел од поетската книгата на Елена Пренџова е надоврзување на кохерентниот чин на пишување поезија.

Во третиот дел од поетската книга на Пренџова се презентираат 18 задачи и сите содржат детални упатства и назнаки за креативно пишување на поезија. Експерименталниот тип на карактеристики што ги вметнува авторката се луцидни и ги ревидира формите и начините на општото сфаќање на поезијата. Ова е интерактивен дел и зададените задачи се конкретни вежби како да се пишува песна, дали тоа е кратка или долга форма, во некои задачи има предизвик, на пример, читателот да размисли како да ја интерпретира својата песна, како да се групираат самогласките во рефренот, или пак читателот да се обиде динамиката на звучноста на стиховите да кореспондира со дикцијата на песната или да се напише песна што првиот стих ќе се римува со последниот стих и така натаму. Креативните решенија воопшто не се малку!

Ваквиот интерактивен предизвик е мотивирачки и ги обединува поетите од различните генерации за различно толкување на поезијата, воопшто. Различните перспективи при читањето на поезијата дава различно толкување на поезијата, поинаква изведба, а истовремено и побудува различни чувства и емоции кај секој читател и љубител на поетскит збор. А тоа го можат само зрелите поетски раписи и иновативни пристапи кој поезијата, а пред сè – созреана поетска личност со долгогодишно искуство, како што е Елена Пренџова!

Или, како што вели поетесата: „сè почна со бубачките/ Нерон ги имал во главата, ти во чизмичките/ јас во стомакот“.



Осврт

811.163.3'38(049.3)
821.163.3.09(049.3)

КОН МОНОГРАФИЈАТА МАКЕДОНСКА СТИЛИСТИКА И ПОЕТИКА

Бранко Тошовиќ

Комисијата за словенска стилистика на Меѓународниот славистички комитет започна во 2021 година проект посветен на истражување на современата словенска стилистика и поетика. По завршувањето на сесловенската монографија *Стилистиката на словенските земји на преминот од XX–XXI век* (Гајда/Тошовиќ/Клушина 2023 – дел од текстовите беше објавен во 2022 година и во московското списание *Актуелни проблеми на стилистиката*), во која, меѓу другото, е презентирана првата анализа на развојот на македонската стилистика и поетика во последните педесет години (автори: Дарин Ангеловски, Александра Ѓуркова, Славчо Ковилоски, Лидија Тантуровска), западнословенскиот и источнословенскиот тим (координатор: Н. И. Клушина) престанаа со истражувањето, а јужнословенскиот тим (координатор: Б. Тошовиќ) продолжи да работи и ја објави колективна монографија *Современа јужнословенска метастилистика и метапоетика* (Tošović 2024), во кој значаен јужнословенски дел од сесловенската монографија е ревидиран, коригиран и проширен со нова содржина (некои автори ја продлабочиле анализата, други направиле мали или поголеми измени, а трети формални корекции).

Како продолжение на работата во јужнословенскиот блок планирано е во серијата „Словенска стилистика“ на Комисијата за словенска стилистика на Меѓународниот славистички комитет и Институтот за славистика на Универзитетот „Карл Франц“ во Грац да се објават оваа и следната година колективни монографии за развојот на метастилистиката (наука за проучување на стилистичката и стилската структура на текстот) и метапоетиката (наука за проучување на уметничката структура на текстот) на одделни јужнословенски земји и народи.

Првиот авторски тим што успеа да го заврши овој потфат е македонски, што со големо задоволство го посочувам. Во текот на една година интензивна работа ги проучуваше и ги осмисли основните насоки на развојот на македонската книжевна металистика и метапоетика во последните два века и ги презентира во публикацијата *Македонска стилистика и поетика* (В. Мојсова-Чепишевска, Т. Стамески, Б. Рајчинова-Николова, С. Петровска-Ѓорѓевска, И. Антоновски, М. Цветаноска, Е. Лакинска, С. Ковилоски и Б. Тошовиќ, а во редакција на последните двајца). Причината за проширувањето на временската рамка (една статија се однесува на Средниот век, а друга на 19 век) е тоа што нема таква публикација во македонистиката, па затоа беше одлучено систематски и сеопфатно да се презентираат основните карактеристики на македонското истражување за два века, а потоа, во продолжение, да се навлезе подлабоко во она што можеше само да се укаже во оваа книга.

Презентирањето и популаризацијата на македонски стилистички и поетички истражувања во светот, особено во словенскиот регион и Јужнославија (термин на Б. Тошовиќ), ќе биде олеснето со фактот (1) дека оваа монографија е објавена надвор од Македонија – во Австрија, (2) дека е отпечатена во научна серија на една од комисиите на Меѓународниот славистички комитет, (3) дека е опремена со резиме и содржина на англиски, на германски и на руски јазик, со предметен индекс и индекс на имиња и со литература по секоја статија и интегрална библиографија на крајот од аналитичкиот дел од книгата, (4) дека ќе биде претставена на научни собири во повеќе земји.

Да резимираме. Во сесловенската монографија *Стилистиката на словенските земји на преминот од XX–XXI век* (2003) македонистиката доби можност за првпат да го претстави развојот на нејзината метастилистика и метапоетика во период на последните педесет години. Во јужнословенската монографија *Современа јужнословенска метастилистика и метапоетика* (2024) Македонија можеше да го покаже степенот на нејзиниот придонес во овие дисциплини во споредба со другите јужнословенски земји. А во монографијата *Македонска стилистика и поетика* (2025) првпат на едно место се претставени македонските достигнувања во овие области.



Поезија

821.163.41-1

ПЕСНИ

Миодраг Јакшиќ

ЕДНА ОД ДРУГА

Најдобро е, помеѓу себе,
да ги запознам,
сите свои жени,
па заедно да другаруваат
и да ме озборуваат.

Да пијат
заедно кафе,
во убавите градини на кафулињата
на Обилиќев венец,
да ја анализираат
мојата натална карта
и да приговараат
на нивните влијанија
врз мене.

Да си заблазнуваат со мене
веќе да не љубоморат
една на друга
и најнакрај
една од друга,
искрено,
да ја дознаат вистината,
дека немав ништо со
ниту една од нив.

ИМ РАСКАЖУВАМ НА ПРИЈАТЕЛИТЕ

Им раскажувам на пријателите
дека сношти ја запознав
Анабела Басало.
Седевме во кафеана,
пиевме минерална вода
и пополнувавме ливчиња
за спортска обложувалница,
двоумејќи се дали
за двата натпревара
од шведската втора лига,
да одиграме фиксови
или
вкупниот број на голови.
Им раскажувам на пријателите,
а тие ми одговараат:
Беше со Анабела Басало
и зборуваше за фудбал?!
Кретен!

СИТЕ ПЕСНИ СЕ ЗА НИВ

Ме боли глава од пофалби за небото,
За љубовта, виното и лебот.
Сите песни се за нив.
Сркање на ручек, викање по кучката,
И страв дека ќе замине...
Тоа ме загрижува.
А не песна за родната грутка и слободата.
За воздухот, светлината и водата...
И кога сонцето ќе блесне...
За сонце лош збор не смее...
Сите песни се за него.
Кога се нишка нејзиниот колк...
Го слушам звукот.
Само покрај тој здив
ме обзема страв.
Ако пуштам глас,
ќе останат без нас.
О господи каква става...
Живот е тоа, заколнато, проколнато...
Сакам песна за скот,
а не за живот.
Сите песни се за него.

Преѓев од српски на македонски јазик:
Гордана Јовиќ-Стојковска

ХРОНИКА НА ДПМ

УСВОЈУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА НАГРАДА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ И ДЕЛОВНИК ЗА ИЗБОР И РАБОТА НА ЖИРИ-КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА;

УО одлучи оваа година да се промени концептот за доделување на наградата „Даница Ручигај“, и затоа распиша конкурс за необјавена стихозбирка на која може да учествуваат само активните членови на ДПМ. Наградата се состои од печатење на стихозбирка за наградениот ракопис и плакета. Исто така, УО усвои Правилник за доделување на наградата „Даница Ручигај“ и Деловник за избор и работа на жири-комисијата за доделување на наградата.

ВЕЧЕР СО ОЛГА ПАНКИНА

На 15 септември во свечената сала се одржа книжевна вечер со Олга Панкина. За нејзиното дело говореа Живко Гроздаоски и Ефтим Клетников.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ ЗА 2025 ГОДИНА

На 24 септември во свечената сала се одржа врачување на наградата „Даница Ручигај“ за 2025 година. Наградата беше доделена на стихозбирката „Ткажалки“ од Александра Јуруковска.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГА

На 30 септември во свечената сала беше промовирана книгата аформизми „Афористичка татковина“ од Ирена Павлова Де Одорико. Книгата е омаж за починатиот македонски афористичар Живко Павлов.

ПРЕДАВАЊЕ ВО ДПМ


На 16 октомври (четврток) во 19 часот во главната сала на Друштвото на писателите на Македонија се одржа предавање на тема „Италијанското и сицилијанското во јазичниот универзум на писателот Андреа Камилери: преведувачки предизвици“. Настанот е организиран во рамки на дваесет и петтата недела на италијански јазик во светот (13-19 октомври 2025), а предавач беше проф. д-р Радица Никодиновска од катедрата по италијанистика на ФЛФ „Блаже Конески“ во Скопје.





РЕДАКЦИЈА
СТРИП НА „СТОЖЕР“, БР.13
Редакцијата на списанието „Спојка“ е гостин на училиштето „Шекспир“. Се држат предавања, работилници и дискусии со учениците...
Сите народи имаат свои јунаци и херои. Затоа, ние во нашето списание им посветуваме внимание на сите нив...
C.K. – One Man Army ©
Учителке, ми се истури водата!
Само смирено... Уште малку, па ќе завршиме...
Ајде драги ученици, да се сослушаме, ве молам...
Учителке, овој се закача цел час...
Учителке, ми се оди во веце...
Учителке, овој спие!
Учителке, му звони телефонот!
Јас ќе преземам шефе, не се секирајте...
Со букви или со бројки?!
Ученици, ајде сега да пишуваме малку. Запишете наслов: „Илијада“.



Миодраг Друговац 1987 година



Оливера Николова, слика од Владимир Плавевски 1985



Симон Дракул 1998













Куќата на Иван Цанкар во Врхника, Словенија
© Vid Paprevid

ВРЕМЕПЛОВ

1945 – КНИЖЕВНОСТ НА СТАНДАРДЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Во 1945 година се издадени повеќе кратки книшки во вид на извештаи, програми, преводи од српски и од руски јазик поврзани со комунистичкото движење и правата на работниците и сл. Таква е стручната монографија *За партијата* (54 стр.), есејот *Основи на Болшевичката партија* (14 стр.), *Разговор со младите комунисти* (28 стр.) од В. Колосова, *Националното прашање* (44), *Говорот на осмиот Сесојузен конгрес на ВЛКСМ* (16 стр.) и *Основните особености на ВКП(Б)* (14 стр.) од Ј. В. Сталин и др., сите во издание на Одделението за агитација и пропаганда при ЦК КПМ.

Освен изданијата на Агитпропот ќе ги наведеме и следните објави: *Програма и статут на народниот фронт на Југославија* (18 стр.) и *За задачите на Народниот фронт на Југославија* (31 стр.) од Јосип Броз-Тито, Сретен Вујовиќ и Милован Џилас во издание на Земскиот одбор на народниот фронт на Македонија, *Резолуција на Земската конференција на синдикалните раководители на Македонија* (14 стр.) во издание на „Трудбеник“, Програма за историјата на македонскиот народ во гимназиите (63 стр.) во издание на битолската Државна печатница „Гоце Делчев“.

Книжевната продукција во форма на посебни изданија со уметничка литература е мала. Меѓу нив, секако, челно место наоѓаат авторите Славко Јаневски со стихозбирката *Крвава низа: лирски фрагменти* (16 стр.) во издание на „Култура“ од Скопје, Блаже Конески со поемата *Мостот* (23 стр.) во издание на скопска „Култура“, Венко Марковски со збирките *Гламја* (170 стр.) и *Порои* (186 стр.) во издание на Државното книгоиздателство на Македонија. Се препечатувале, допечатувале и се направиле избори и на неколку автори чии дела биле врзани со борбата против фашистите, како, на пример, препечатеното издание на Ацо Шопов насловено едноставно како *Песни* (30 стр.) (меѓу критичарите познато како *Песни III*, издание на печатницата „Илинден“ од Штип), Кочо Рацин со *Бели мугри* (31 стр.) во издание на Агит. Проп. и *Песни* (58 стр.) во издание на Друштвото на уметниците, книжевниците и научниците, Венко Марковски со второто издание на *Огинот* (28 стр.) и *Орлите на Македонија, песни од спевот 'Партизани'* (21 стр.) во издание на „Култура“, Коле Неделковски со *Песни* (76 стр.) во издание на Друштвото на уметниците, книжевниците и научниците и со предговор на Митко Зафировски, а го регистрираме и изданието *Зборник на раскази и стихотворенија (изработен од учителите од гр. Куманово)* во издание на Окружниот Н.О.О. (просветен одбор) на Куманово.

Како особено важни за појавата и развојот на македонската литература на стандарден македонски јазик ги издвојуваме весникот *Нова Македонија* и списанието *Нов ден*. Преку нив најдобро можат да се проследат развојните тенденции на современата македонска книжевност, авторите што создавале во ова време, прозните и поетските творби, како и јазикот со кој се служеле.

Издаваштвото во првата година од стандардизирањето на македонскиот јазик е во знакот на тогашните идејно-естетски норми. Тоа значи обиди за унификација со другите југословенски книжевни и политички текови и потенцирање на борбата на македонскиот народ за слобода, борбата против фашизмот, но и за значењето на Комунистичката партија во изградбата на државата. Се пишувало и се пеело за херојските подвизи на поединците и на партизанските единици, за изградбата на земјата, за соочување со последиците од војната, за реконструкцијата на земјата, за земјоделството, просветата и за младината. Целта била народот да биде запознаен со успесите што ги жнеела Партијата, па токму затоа организацијата на Народниот фронт и самата започнала да издава свои списанија и публикации.

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Гроздановски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Марина Мијаковска
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати:
Датапонс

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.